СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-1691/42
15.03.2023 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 24-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажаназа денес 15.03.2023 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварамСедницата на Советот на Општина Кавадарци.
На седницата присуствуваат сите 17 советнициво моментот. Еден советник, советникот Круме ќе ни се приклуќи за кратко. Информиран сум, ме обавести со порака и имаме еден наш колега советник, тоа советникот Диме Коцевски кој оправдани здравствени причини оваа наша денешна седница ќе ја гледа и следи преку електронските медиуми, односно преку зум.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникотод 23-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.02.2023 година.

Дали има забелешки по Записникот од 23-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 23-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно. Диме. За.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 23-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено почитувани советници Предлог Дневниот Ред и тоа:

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
2. Годишен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2022 година;
3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година;
4. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

5. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 60/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;
6. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
8. Годишна сметка на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;
9. Годишна сметка на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;
10. Годишна сметка на СОУ„Киро Спанџов -Брко„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци ;
11. Годишна сметка на ООУ„Тошо Велков -Пепето„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци ;
12. Годишна сметка на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци ;
13. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;
14. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;
15. Годишна сметка на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов„ Кавадарци, донесена од УО на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци за 2022 година;
16. Годишна сметка на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци ;
17. Годишна сметка на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци;
18. Годишна сметка на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2022 година донесена од УО на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
19. Годишна сметкана ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци;
20. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци;
21. Годишен Извештај за работа на 2022 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
22. Годишна сметка на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
23. Годишна сметка на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;
24. Годишна сметка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
25. Годишен Извештај за работа на 2022 година ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

26. Годишна сметка на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
27. Одлука за промена на седиште донесена од УО донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;;
28. Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
29. Статут на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци(пречистентекст);
30. Информација од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци,
31. Одлука за усвојување на Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Кавадарци за 2023 година;
32. Годишна сметка на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ за 2022 година , донесен од УО на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ;
33. Годишна сметка на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци
34. Годишен Извештај за работата на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2022 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;
35. Годишна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;
36. Одлука за основање на Друштво за производство, трговија и услуги ГРАДСКА ВИНОТЕКА ДООЕЛ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
37. Одлука за отуѓување на стара неупотреблива опрема од ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за ослободување од плакање надоместок за утврдување на градежно земјиште

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на денешниот дневен ред .Кој е за. Диме. За. Со тоа е прифатена оваа точка да се најде на денешниот дневен ред

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешната седница со дневниот ред а тоа е:

-План за изменување и дополнување на План за Програми за развој на Општина Кавадарци за 2023 година

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.Кој е за оваа точка да влезе во денешниот дневен ред.Кој е за. Диме. За.

Констатирам дека таа точка е внесена во денешниот Дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница со следната точка :

Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2023 година.

Дали некој бара збор. Односно никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање да ја внесиме во денешниот дневен ред. Диме. За. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање на трајно користење и стопанисување без надомест, недвижни ствари на КП.бр.13709 КО Кавадарци 2, на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на денешниот дневен ред за измена.Кој е за. Едногласно усвоена.

Дали има други предлози за изменување и дополнување на досегашниот вака изменет дневен денешен ред. Нема. Бидејќи нема барање за дополнување на вака изменетиот дневен денешен ред, вака изменетиот денешен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоено. Диме. За.

Почитувани советници со тоа деловнички го усвоивме и утврдивме предложениот дневен ред за денешната седница на Советот на Општина Кавадарци.Значи 24 седница на Советот на Општина Кавадарци. Со тоа пристапуваме кон реализација и расправа на денешниот Дневен ред, односно пристапуваме кон претрес на првата точка од денешниот Дневен ред.Тоа е :

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Предлагам оваа точка да ја отворам јас со мое излагање, а потоа отстапувам преднос и на вас советниците за вашите мислења околу оваа точка.
Почитуван Градоначалник, почитувани советници, почитувани медиуми, почитувана општинска администрацијо, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Денес на Дневен ред на редовната седница на Советот на Општина Кавадарци се разгледува Годишната сметка на Буџетот на Општина Кавадарци и завршната сметка на буџетот на Општина Каваадарци за 22-ра година. Со посебно задоволство сакам да го истакнам дека денес зад нас оставаме една успешна година, а за тоа говорат бројките. Остварување на вкупните приходи по сите основи за периодот 01.01.2022, 31.12.2022 изразено во проценти изнесува 99,68%. Реализирани приходи по структури даночни приходи 104,3%, капитални приходи, реализација во износ од 169 364 388 денари или изразено во проценти 103,98% и во реализација на вкупните расходи реализирани се 1 082 255 383 денари или изразено во проценти 93%, од кои 515 734 000 се реализирани во буџетски расходи. Посебно сакам да го поздравам делот на капитални расходи, каде реализацијата е во износ од 315 690 000 или изразено во проценти 97%. Реализирани расходи за купување на опрема, на машини изразено во проценти 93%. Реализирани расходи за градежни објекти 97%. Реализирани расходи за отплата на главница од кредити 100%. Доколку ја погледниме реализацијата и на програмите кои се составен дел на буџетот исто така имаме заклучок дека имаме една одлична реализација. Посебно сакам да го поздравам Програмата Ге односно Локален Економски развој со нејзините подпрограми, пред се Подпрограмата за изградба на комерцијални објекти со реализација од 98%, потоа Програмата на комунални дејности, за што би се осврнал на Јавното осветлување со реализација од 91%, Јавна чистота 100% и Изградба и реконструкција на локални патишта 103,36% или изразено во денари 151 581 000 денари. Исто така не би ја заобиколил и Програмата за спорт и реализација, која што исто има реализација од 99,18%. Програмата на културни манифестации со реализација од 99%, Програмата за противпожарна заштита со реализација од 90%. Почитувани сограѓани бројките сами по себе говорат за работата на Градоначалникот г-динот Митко Јанчев и Советот на Општина Кавадарци. Место за непродуктивни трошоци за работењето на Општина Кавадарци нема и не смее да ги има и во иднина за добробит на граѓаните на нашата Општина и само во нивен личен интерес. Така е и така ќе биде, се додека е овој Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци. Ви благодарам. Повелете кој бара збор. Повели Веса Богева.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани присутни, почитувани колеги советници, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Значи годишната сметка е финалниот, последниот извештај од работењето на една институција за една календарска година. Според годишната сметка на буџетот на Општина Кавадарци можеме да видиме дека буџетот е остварен. Со поголем процент имаме остварување на приходите, отколку во делот на расходите, што значи дека

дел од остварените приходи од 2022 година ќе бидат искористени во наредната година. И кога гледаме по структура на приходи, значи имаме различен процент на оставарување. Значи кај редовните буџетски приходи имаме подобро остварување во делот на даночните приходи, а во делот на неданочните приходи имаме полошо остварување. Во делот на наменските дотации исто така имаме добро остварување 97, во делот на самофинансирање имаме лошо остварување 58%. Значи овој процент ни покажува дека треба да се насочиме во наредната година да видиме дали имаме лошо планирање во делот на самофинансирање или пак имаме лошо остварување на планираните приходи, да видиме во кои конкретни институции треба да се насочиме за остварување на поголем дел од планираните самофинансирани приходи. Во делот на донации исто така имаме помал број на остварување и кај кредитите го имаме тој процент кој што ни бил планиран. Значи во овој момент кога правиме анализа на завршната сметка јас ќе се вратам на тоа што го зборував на седниците кога го носевме буџетот на Општина Кавадарци, кога ги носевме двата ребаланса и кога правевме анализа на кварталните извештаи. Значи уште кога го носевме буџетот на Општина Кавадарци кажав дека во делот на неданочните приходи имаме амбициозен износ на средства што ги планираме и кој што реално е неостварен. Значи според првичниот буџет што го носевме за Општина Кавадарци за 2022 година во делот на неданочни приходи ние имавме планирано 217 000 000 денари, кој што беше навистина преамбициозен, тешко остварлив и уште тогаш кажав дека треба да се насочиме кон пронаоѓање на друг извор на средства на кој начин ќе ги надополниме тие тешко остварливи приходи. И навистина во неданочните приходи од планираните 217 000 000 од првичниот буџет, после со ребаланнсот ги намаливме, ние оствариме 41 000 000, а додека приходите кои што ни беа потребни за остварување на буџетот како што ни беше планиран го оствариме од капиталните приходи. Значи по првичниот биланс ние имавме планирано 52 000 000 капитални приходи. Сега гледам од завршната сметка дека се 169 000 000 денари и тоа е добро што Општината дојде до средства кои се потребни за да се потполни буџетот за да може да се покријат трошоците кои се планирани без разлика дали во делот на капитални или во оперативно-тековни расходи. Друго во делот на дотации исто така имавме првично планирано износ, значи беа планирани 442 000 000 првично, после со ребалансот ги зголемивме, значи добивме повеќе средства од централниот буџет кои се потребни за покривање на трошоците во локалните институции, кои се покриваат со средства од централната власт остварени се 473 000 000 денари. Друго што сакам да потенцирам дека и во делот на даночните приходи имаме поголема ставка, поголем износ на искористување на средства од фондот по основ, законски што ни следува како Општина значи од Фондот, за ДДВ кој ги собира централниот буџет и во делот на данок на доход, персонален данок за плати, ради тоа што генерално платите сегде се зголемија и нормално дека основицата за данок е зголемена и

по тој основ како Општина искористивме поголем износ на средства. Значи генерално земено приходите ги добивме со зголемување на приходите по основ на капитални приходи што имаме остварено повеќе. Е сега тоа можеби ќе беше подобро ако го видевме кај расходите, значи да имаме поголем процент во остварување на капитални расходи, во однос на тоа што сме планирале во однос на оперативно тековните расходи. Имаме зголемување кај капиталните расходи, но тој процент е помал во однос на тоа што би требало да биде, со оглед на тоа што оствраривме голем процент на капитални приходи. Тоа е во делот на приходите и расходите. Исто сакам да потенцирам и во делот на обврските на Општина Кавадарци. Значи потенциравме уште со првиот Квартален извештај дека Општината има висок износ на неплатени обврски, доспеани над 60 дена. Беа околу 138 000 000 . Веќе со секој нареден квартален извештај, тие се намалуваа, со третиот квартален извештај дојдоа до 28, со четвртиот 8 000 000. Значи тоа е добро што се значително намалени и треба да се насочиме, значи и следната година да нивото на обврски не се зголемува, туку напротив да се одржува или да се намалува , затоа што реално секаде каде што ќе се дојде допоголем износ на обврски, ќе се натрупаат обврските. После станува проблем да се намалат истите. И во делот на и претходно во некои од квараталните извештаи зборував кога станува збор за капитални инвестиции во нашата општина кои што се финансираат од централната влат не можеме да ги видиме во буџетот, во завршната сметка како капитални расходи, заради тоа што директно се финансираат од министерствата, но сега во извештајот од ЛЕР можеме да видиме дека пак исто така има неколку инвестиции што се направени од централната власт, што не можеме да ги видиме во буџетот, а тоа се Проектот на локални патишта Илинденска, Пионерска, Браќа Цунови, Западен Булевар, локалниот пат на с. Дреново, водоводната вода Брушани, потпорен ѕид Клинска и фотоволтаиците што се поставија во некои наши институции. И во некои од овие проекти сигурно има, мислам и Општината свој удел со свои финансиски средства. Тие средства можеме да ги видиме во самата завршна сметка и ова посебно го потенцирав сега споредбата за тоа што го зборувавме по претходната во 2022 година, заради тоа што и буџетот што го донесовме за 2023 е многу сличен со 2022. Истите проблеми што укажував во 22-ра година, не очекуваат во 2023. Значи истиот предизвик ќе го имаме во 2023, па заради тоа сметав дека треба сега во овој момент истите да ги повторам.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Како што ни испрезентира Претседателот на Совет прекрасни проценти над 90, над 100, тоа е се супер на хартија, меѓутоа се поставува прашањето во 5,5 години водење на Општина Кавадарци од страна на Градоначалникот Митко Јанчев и располагање со буџет од над 90 000 000 евра дали има еден капитален објект во целост финансиран од буџетот на Општина Кавадарци, без тоа да е со заеми, задолжување, кредити и позајмици. Не зборувам за

улички и тротоари, зборувам за капитален објект кој ќе остане на идните генерации и на Општина Кавадарци. И второ во делот за привремени вработувања во 2021 година потрошени 13 000 000 денари .Во 2022 за иста ставка потрошени 18 000 000 денари. Тоа значи близу 100 000 евра минатата година Општината потрошила на привремени вработувања, а граѓаните добро знаат што значи тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи бев прозван од советникот, еве ќе му одговорам веднаш. Да точно капитален објект пазарот, каде што редовно се сервисираат обврските и редовно се исплаќаат обврските на деловните банки.Значи токму заради тоа, бидејќи полемиката секогаш се отвара околу тоа дали треба да се плате веднаш или треба да се плате на кредит. Нашата Општина е соодвентна, со отворена сметка, неблокирана сметка и реовно отплаќање на долговите према капиталните објекти кои што се земени во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци. Значи тоа е капитален објект што беше реализиран од претходниот мандат од Градоначалникот и претходниот Совет и каде што редовно се исплаќат сите обврски према деловните банки и банките даваат кредити на општини и фирми и претпријатија кои се ликвидни, кои се соодвентни и кои можат да имат позитивен финансов биланс. Така да во однос на тој дел тоа можам да ви одговорам советниче.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да надополнам пошто дефинитивно советникот кој што зборуваше пред малку, он е само година дена советник и нема ни легитимно право да зборува за 5,5 години. Значи капитални објекти ќе ти ги напишиме на писмено и ќе ти ги одговориме кои се изработени во 5,5 години. Пак ќе повторам изгледа не се сеќаш, може беше на специјализација во Скопје или тн., а само ќе напомнам неколку од нив. Тоа е Спортската сала во Ваташа, Кејот во Ваташа, завршување на Кејот во Кавадарци, тоа е 80 000 000 денара, тоа сето што го кажав во 3 реченици. Колекторот ако не се сеќате советниче беше до самиот град, сега е завршен во целост после Марена. Па прашајте ги Маренци, луѓето во населба Глишиќ, а и прашајте ги вработените во болницата кај што работите како беше претходно таму чувството да се нема колектор и уште многу, многу други проекти, кои што ќе ти ги напишеме во писмена форма за да си ги знаете, а и не знам зошто дискутирате за нешто пред 5,5 години, кои што апсолутно немате легитимно право како советник во денешна гледна точка, ниту пак благодет од таа работа да имате допринесено за да се постигне било како. Ако сакате да зборувате за 5,5 години претходно викните ги вашите сопартијци на еден Совет да кажат они што точно гласаа и какви капитални објекти донесовме, изградивме и како ги потрошивме средствата од претходните 4 години. Така да мислам дека тоа е најсоодветно и најомпетентно. Они добро се сеќаваат затоа што они се тие кои што се бореа тука за да го дигниме буџетот, основен на Општина Кавадарци од 180 000 000денари на сегашни скоро 520 000 000 денари. Тоа е скоро 2 пати подигање на основниот буџет на Општина Кавадарци. Така да тоа се резултатите кои што беа и впрочем

формирањето на новите претпријатија за паркиралиште, превзимањето на комплетната улога на уличното осветлување, превзимањето на комплетната улога на ЈП Комуналец за место до последната куќа во Општината. Кога дојдовме претходниот мандат како Градоначалник и советници кои што не бевте вие дел од тоа, во село Сопот, во село Дреново, во село Бегниште не се исфрлаше комуналниот смет на самите сограѓани, диви депонии се створаа. Така да можеме и сликовито и писмено да ти го образложиме, ќе видиме колку имаме време и кадар на располагање, а во делот на времените вработувања сега си зборувате од ваша гледна точка. Од месец 21-ва ноември до месец 22-ра мај ги чекавме 22-те согласности, кои што стигнаа и ги дадовме како согласности. Па сега израчунај тие 22 согласности година и месец дена колку кошта тоа да бидат тие луѓе задржани за да ја отворите вие сепак предизборно новата градинка заедно со вашата министерка која што имаше желба некоја друга, ама за жал не и се оствари, и реков дека ќе се видиме и после изборите и така и бидна. Така да тоа сакав вака да го реплицирам, да го кажам пошто не сакам да се стават во ситуација нешта кои не сте биле дел од тоа и можеби не се сеќавате, а можеби и не сакате да се сетите. Така да во тој дел би ги направил во писмена форма и мислам дека имаме и видео форма на изградба на капитални објекти. Западен Булевар советниче, кај што немаа улица луѓето кај да испаднат, од Ресавска улица, па до Коњските дупки 40 000 000 денара, кружен тек кај Тиквеш 19 000 000, Видео Смилевски 16 000 000 денара, семафорско решение на Булевар Минчев 8 000 000 денара, влез Росоман Кавадарци 26 000 000 денара Општина Кавадарци инвестиција, влез од Неготино 30 000 000 денара Општина Кавадарци инвестиција. И затоа ти реков да не ја оптеретуваме седницата со нешто што било ќе ти ги ставиме сите капитални инвестиции на писмен документ и ќе се потрудам и едно УСБ да ти ги направиме во видео форма за да ги имате.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитуван Претседателе моето прашање беше многу јасно. Станува збор за капитални објекти кои што не се финансирани со кредити, позајмици и задолжувања, стриктно од буџетот на Општина Кавадарци. Почитуван Градоначалник дали јас имам легитимно право или немам мислам дека тоа има кој да каже, а мислам дека има, пред се како граѓанин на Општина Кавадарци. За овие проекти голем дел што ги кажавте се проекти кои што Општината учествува со дел од средствата, а дел од средтвата ги обезбедува централната власт, односно Владата. Јас прашав за капитален објект, а да не е тоа улица, тротоар и да е во целост финансирана од Општина Кавадарци. Мислам дека прашањето беше јасно. Нема потреба да ми објаснувате дали го одведувале сметот во некои приградски населби претходно.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Градоначалник, Претседател на Совет, граѓани, медиуми. Денес како прва точка на Дневен ред ни е Годишната сметка на буџетот на Општина Кавадарци. Јас ќе го почнам моето излагање на овој начин. Ако ги земиме приходите треба исто така бидејќи постојано сакате да споменувате дека основниот буџет е

зголемен за двојно, треба да кажете дека за 180 000 000 денари од пред 5 години ви се зголеми износот што ги добивате како донации, пардон ако дотации од страна на централната власт по основ на плати за лица вработени во детски градинки, во школи, во културни институции и каде што има преклопена надлежност. Друга работа. Во делот наповратот на ДДВ. Повише од 30 000 000 денара е зголемен и тој износ, што значи дека економијата локална се на некој начин развива, односно економските политики на оваа Влада биле успешни и тоа придонело да има поголем поврат и за општините во делот на ДДВ и плус пак од оваа година ќе имаме исто така дополнително повисок процент на поврат на ДДВ-то кое што се смени од 4,5 на 5,5%. Многу интересно е да се виде структурата во делот на приходите, односно каде тоа имме ние зголемување. На пр. во однос на данок на имот на физички лица каде што во 2017 година сме имале данок на имот од 12 000 000, сега оваа година имаме реализација на 29 000 000 денари данок на имот, што значи, по кои основи е направена оваа работа. Прва основа одредени деловни објекти кои што биле вметнати во пресметката за данок на имот и што е добро што е така направено. Втора работа што им ја зголемивте вредноста на проценетата пазарна вредност на имотите на луѓето и почнавте да им наплаќате повисок износ на данок на имот за 2 и повеќе пати. Истата одлука ја гласавме и сега на Совет и пак ќе го зголемите и така ќе си реализирате повисоки приходи на терет на граѓаните. Друга работа. Во делот на трошоците сакам да спомнам. Во делот на трошоците 2017 година за плати сме издвојувале 28 000 000 денари. Оваа година сме завршиле со 61 000 000 денари, само за плати. За 5 години двојно зголемување. За овие привремени вработувања претходно сме имале 2-3 000 000 денара, сега има оваа година 27,28 000 000 денара. Значи 1,5 000 000 од буџетот на Општина Кавадарци кај што не ги опфаќа ниту едно ЈП сме го дале за плати. Во делот на капиталните инвестиции тука имате изградба на улици, реконструкција на улици и тоа ви е целиот капитален момент кој што сте го имале минатата година, али мене ако ме прашате уличка, тротоарче, кружен тек не претставува капитален објект. Сега вие сакате да ме убедите тука дека нешто којзнае капитално сте направиле, а суштина правите тековни санации на улички, поплочувања на улички. Во однос на оноа што е направено од страна на централната власт и детска градинка и спортска сала и влезови на градот, па почнаа унатре улиците да ви ги прават во општините. Друга работа. Во делот на, што е од кампањата, што минатата година сте го ветувале и имате исполнето сега. Јас ви ветив минатиот пат дека ќе ја донесам програмата. Значи што од овие проекти дестилерии, гранични премини, додуша и најголем дел од клучните работи кои што сте ги ветиле, самите признавате дека сте ги лажеле граѓаните за претходно што немате ингеренции да ги спроведите и лесно ви е да си ја префрлате вината на другата страна. Меѓутоа и овие што ги имате во ингеренција, голем дел не ви се спроведени. Минатата седница разговаравме за оброкот за секое дете. 2022 година го

немате оброкот спроведено. 2023 предвиден ви е, меѓутоа не на начин на кој што сте го ветиле тука. Тука сте ветиле 50 000 000 денара за бесплатен оброк за секое дете, бесплатен оброк за секој ученик, околу 1800 ученици ќе добиваат по еден здрав оброк на ден, со специјализирано мени подготвено од нутриционист, 50 000 000 денара. Сте го ценеле еден оброк да чине негде околу 150-160 денари дневно за едно дете. И на крајот од оваа ситуација доаѓаме да ги храниме децата со банички, со ѓевреци, со такви работи. Кој нутриционист го препорачува тоа на едно дете му се дава секој ден тестенини. Ништо немате направено. Ништо немате спроведено од програмата да не се лажеме сега. Клучни капитални инвестиции што се во Општина Кавадарци се инвестиции од страна на централната власт и тоа треба да си го признаете. Вие така и ја правите програмата. Ветувате проекти за кои што немате ингеренција истите да ги спроведите и овие што имате ингеренција тие не ви се спроведени. 3Д Кино нема. Заобиколницата пак ќе се вадиме Не е моја ингеренција. Сте ја ветиле минатага година. Дестилерија. Толку имам јас.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Градоначалник, иако голем дел од репликите се вртат во круг во последните неколку совети.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи, да тоа што го спомена и Претседателот во неколку совети наназад се вртиме во круг и ги кажуваме истите работи и добро е тоа да се потсетуваме, да се гледаме сите заедно. Точно е советниче. 64 000 000 денара е платата на Општина Кавадарци, вклучувајќи к-15 100%, вклучувајќи кариера, која што претходно не им се исплаќала и вклучувајќи 13-та плата која што му ја дадовме 22-ра година. Во делот на вработените и во обемот на работа на Општина Кавадарци кажуваа од 183 000 000 на 540 000 000, 300% или 3 пати е зголемен основниот буџет. Малку ги помешавте работите со блок дотациите. Блок дотациите не влегуваат во тија основен буџет. Ако сакаше да ја пофалиш Владата дека ги покачила блок дотациите, да точно е, али ако земиме колку пати ни ја качија минималната плата и колку пати отидовме во делот на она што значи трошкови за ел. енергија, на слободен пазар оставени самите на себе, тогаш ќе видиме дека не сме домаќински расположени, него сме тие пари сега ги имаме и појадено. Зошто не спомниш советниче дека 2018-та 2 000 000 денара беше поддршката за спортот, сега е 20 000 000 денара поддршка за спортот годишно. 20 000 000 денари поддршка за спортот. Што не спомниш дека претходно невладините организации добиваа зеро, 0 , сега добиваат 2 000 000 или 3 000 000 денари годишно поддршка за невладините организации. Семејните винарии добиваат над 1 000 000 годишно поддршка за малите семејни винарии. Има две винотеки кои што ги зголемуваат трошковите на Општината, вработени. Кол центар. Има туристичко информативно биро. Или тоа не ни одговара, не го кажуваме. Граѓаните го знаат и го чувствуваат тоа. Немој да манипулирате со тој данок на имот. Треба да повикате на одговорност претходно зошто не е евидентиран данокот на имот , а не да кажувате дека 3 пати, 4 пати, 5 пати е зголемен данокот. Не е зголемен. А тоа за улички, тротоарчиња и други работи,

мислам дека не ви држи вода, а ако зборуваме за капитални објекти, јас пак во државата во вашето владение на СДСМ освен отварање на трговски центри и на казина, друго ништо немам видено. Казина, кладилници и трговски центри. Тоа е. Тогаш Коридорот 8 е за мене уличка. Не е капитален објект. Тротоарче е. Немојте така. Значи имаме дадено за 4 години над 32 000 000 денара за експропријација на земјиште од приватни лица. Тоа се нови улици кои сме ги пробиле, сме го откупиле земјиштето и сме ги пробиле улиците. Не се постоечки улици. А тоа што кажавте дека Владата почна и во општините да ни работе. Добро бе, дај тогаш да донесиме одлука, чим толку ги бива нека ја превземат и Општината комплетно нека ја работат. Можеби ќе донесите и од друга припадност Градоначалник, па ќе не натерате тројазично да зборуваме. И сите други работи да ги спроведиме. А во делот на тоа што викате лажиме, не лажиме, има документи за цела работа. Граничниот премин е ставен во вашиот Преспански договор. Прочитај го Преспански договор, ќе видиш. Во договор Преспански е ставен Граничен премин Пуљевац и Маркова нога. Маркова нога е изграден, треба да се изграде Пуљевац. Вие треба да си го довршите тоа, заедно со нас ,обврска за добрососедство со Р. Грција. Обиколницата е зборена, не од мене, од вашата пратеничка, од вашиот пратеник, од вашиот екс премиер, зборена на прес конференции. Дестилеријата е тема за разговор која што ја разговараме и стоиме позади таа работа дека треба да се направе. Треба со некој да седниш и да направиш анализа. Тука се винарските визби, лозарите, тука се и Министерството за земјоделие, тука е ПЕ на Министерството за земјоделие. Ај извади колку плата зима ПО на Министерството за земјоделие и која работа ја брка, освен што евидентира и што издава документи. Никоја друга работа. Ставивме 20 мерни станици. Почнавме смарт земјоделие, почнавме да ги едуцираме за поквалитетно земјоделие граѓаните и пак не бива. И се небива, небива, небива. Не очекувам да ме пофалите, меѓутоа тоа што е добро греота е и од Господ, а и од вас да го критикувате. Мислам дека сами осеќате дека нивото на соживот во Кавадарци е на многу повисоко ниво, идеите кои што биле на еден Градоначалник, еден Совет биле реални, објективни и се остваруваат како програма. Средствата се од народот, народни средства, дали се од Општина Кавадарци, дали се државни. Таа државната каса реалниот сектор ја полни, граѓаните ја полнат, ние ја полниме, Општината исто. Никој не додал пари од небото. Ни политичка партија, ни Премиер, ни никој друг. Реалниот сектор е тој што ја полне касата. Ако нема економија, нема реален сектор, нема ниту пари. Така да во тој дел мислам дека пак ќе реплицирате и ќе кажете, меѓутоа јас нема да навлевам во дискусии понатамошни затоа што и самите знаете прво вие бевте поборници за нето плата, минимално односно просечна 30 000 денари. Сега ми зборите за 21 500 минимална плата, а ми зборите за 67 000 денара дека за 5 години од 28 се зголемила на 68. Да се зголемила. Еве за Раководител тука што седе до нас, кој што е раководител на Правниот сектор зимал 28 000, сега зима 37 000 денара. И

уште малку јас виках. Министерот за финансии излегува не можел да најде кадар, ми бегаат луѓево, платите се мали. Како од една страна критикуваме, а друга страна викаме ќе дадиме поголеми плати. Не даваме. Луѓето треба да си ги изработат плативе. Плативе се заслужени. Зборуваме за високо образовани личности, личности со кадри кои треба да функционират, а да не збориме за одговорноста која што ја имаат оние кои што треба. Да речиме струјата која што ја имаме денес и која што ја плаќаме, не ставивте во тотална заблуда, ова сакам да го знаат и граѓаните. Во моментот струјата на купекс, на отворен пазар е 7 денара, а вие се фалите на прес конференција дека градинките, школите до март месец им дававте повластена тарифа од 9 денара. Боже, боже. Не е глуп овој народ гледа. 6 денара да ја купиш струјата сега на пазар, они ни ја продаваат 9 на регулиран и викат ви даваме субвенции од државата. Напротив не крадите. Напротив ви кажувам. Градинката плаќа 1kw струја сега 18 денара. Ако беше на слободен пазар ќе плаќаше 9 во моментов. И сега ако во меѓувреме паѓала струјата 3 месеци по 100 евра на пазар, па зошто не испадните на прес да кажите субвенциите нема да бидат 70 за мw на 50 ќе се спуштиме. На 50 ќе се спуштиме, ќе ревидираме. Тоа е ревидирање. Ажурни треба да бидеме.. Така да има многу за дискусија. Јас и ти не ја оправуваме централната власт. За 10 месеци ќе заврше. Ќе дојдат избори, ќе си каже народот како и што и на последните избори пак ќе ти повторам ти како носител на дел, односно чинител на листата на советници, мислам цело Кавадарци го прошета, отиди секаде, како млад човек беше примен, нашите граѓани се угледни, не вреѓаат, примаат се, довербата и вербата тешко ја даваат и тешко ја губат, а еднаш стекнато доверие треба да го одржаваш. Одржувањето е потешко, а јас како личност и како семејство не како Градоначалник нема да дозволам да си го изгубам образот, ниту на мене, ниту на моето семејство за некакви политички цели или некакви политички чинители, не е битно тоа дали е за ВМРО, за СДСМ или за било кој. Семејството и граѓаните пред вашите партии. Е така ќе ви кажам. А јас ќе работам за граѓаните, заедно со мојата партија, а никогаш нема партијата да ја ставам пред граѓаните. Тоа сум сигурен во тоа и така е до ден денеска. Така да мислам пак ќе се вртиме во круг. Сам спомна дека имаме преклопени ингеренции во делот на градинката, поклопени ингеренции во делот на образованието, поклопени ингеренции во делот на полицијата, поклопени ингеренции во делот на други работи. Ајде бе охрабрете се, децентрализирајте се. Децентрализирајте. Тоа беше на вашата партија првото мото, децентрализација на општините. Не ви се дава централизацијата на општините во моментов. Кога ќе дојдите опозиција па ќе критикувате, оти не е централизирано, треба да се централизира.Еве вчера ни беше гостин Кинеската Амбасада. Претходно зборевме и со Турскиот и Словенечкиот. Прашајте на која ниво е децентрализацијата во нашите локални земји, кои ни се соседни до кај се стигнати ингеренциите на Локалната самоуправа и кај се самите ингеренции. Сега во моментов

ако не се договоре Министерот со Градоначалникот од х Општина за директор на Детската Градинка му ги зима ингеренциите и става овој директор. Мислам тоа е но сенс.Имавме случај и кај нас таков еден, кој што директно, еве јас тоа директно ќе го потенцирам, директно во ТХТ школото јас немам ставено директор, Министерот го стави директорот. Дали почитува закони, тоа ќе каже друг. Министерот го стави директорот . Е што да ти кажам повеќе. И сега ќе збориме ние за демократија, објективност и било што. Јас дознав од вработени во школото дека има нов директор. Катастрофа. Како Градоначалник и човек кој што има ингеренции врз образованието, а за храната кога ќе дојде сега тестенини, ваква, таква, наква, ѓеврече. Еве бе земете ја и храната. Хранeте ги и децата.Ништо против немам. Како ни ги земавте ингеренциите во ТХТ, еве ви ги ингеренциите и за хранење на децата, па ако можете и Комуналец да го земите супер ќе завршиме работа, ќе не направите како Мајка Тереза ќе си седниме тука и само ќе си уживаме. Не оде така советниче. Треба заедничка соработка. Заедничката соработка ќе си ја видиш и уште ова ќе ти потенцирам. Во последните 2 години Агенција за патишта во источниот дел, централниот и јужниотдел на Македонија 1м2 асфалт нема предвидено. Земи ја Програмата прочитај ја на Министерството за транспорт и врски при Агенција за патишта. 1м2 асфалт нема предвидено. Земи ја Програмата на МОН. Еден денар нема предвидено за Источна Македонија, Централна и Јужна Македонија за реконструкција на сали или училишта. 99,9% се во западниот дел. Тоа е пораз за вас, а за другиот дел успех и тоа е момент на поделба што не ја почитувам јас. Нашите школи, Велес, Св. Николе и Кавадарци со проекти за реконструкција на Пепето школото се влезени со проекти од 9 000 000 денари, а одобрени со Програмата со по 10 000 000 денари, по 10 000 денари, 10 000 денари од 9 000 000, а имаш во некоеси село, кое што првпат го слушнав, било над Зајас горе незнам 47 000 000 денара за реконструкција на училиште. Кога прашав колку ученици има таму, 7 ученици има. Во Пепето има 650 ученици. 10 000 денара одобрија од 90 000 000. Во Велес одобрија 10 000 за училиште. Во Свети Николе 10 000 денара. Тоше те молам дај му ја програмата нека ја виде и нека ја разгледа програмата.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во делот на блок дотациите спомнав јас дека блок дотациите се зголемени, ги спомнав причините поради кои се зголемени, а тоа се повисоки плати на воспитачи, негуватели во детски градинки, на повисоки плати на учители, на повисоки плати онаму каде што имаме преклопени надлежности, па и на културни работници, знаете вие добро колку зимаат културните работници плата и колку им зголемена. И за тоа ви се зголемени за 180 000 000 дотациите, заедно со зголемување на повратот на ДДВ. Во однос на данокот на имот Градоначалник јас реков дека тие обкјекти кои што не биле ставени и не се даночеле претходно дека тоа е во ред да се направе. А за тоа дали некој треба да побара одговорност или не, па вие сте најповикан. Вие сте биле тогаш

Градоначалник, кога сте утврдиле фактичка ситуација дека одредени објекти или одредени лица биле повластени во делот на плаќањето на данокот на имот. Меѓутоа исто не можеме да негираме дека данокот на имот и кај оние што имаат иста квадратура и исти објекти дека не е зголемен за двојно. Зошто. Заради тоа што му ја зголемивте проценетата пазарна вредност која што претставува даночна основа по која се утврдува, односно пресметува данок на имот и тоа треба да го кажете, да го знаат луѓето. Трета работа. Во делот на капиталните објекти, пак не се разбираме. Значи капитални објекти сем тротоарчиња и улички немате ништо направено во општината. Се што е капитален објект е инвестиција на Владата овде во Кавадарци и ви ги набројав, да не се вртиме пак во круг. Спомнавте во делот на струјата. Значи во делот на струјата јас не знам дали имате видено дома, сигурно имате видено сметка и на таа сметка пишува 70% субвенција од страна на Влада и некој сака да каже дека оваа Влада ги краде граѓаните. Не. Не си во право. На сметката за струја дома кога ќе ја видиш 70% е субенција од страна на Владата. Иначе би плаќале многу повисоки сметки за струја, во ваква кризна година и некој го крадел овој народ. Трета работа. Во делот на субвенциите за овие јавни претпријатија, школи, градинки кога е донесена одлуката цена на mw, па ќе си видете колку била. Била 700 евра , била 800 евра. Тогаш не ве оставиле на слободен пазар да се мачите и да плаќате големи сметки од страна на јавните претпријатија и на градинки и на школи. Трета работа во делот на проектите кои ви се ветувани во програмата. Значи не може пред избори да ветувате проекти за кои што немате ингеренции да се рекламирате, да се фалите према граѓаните и како може тоа ако не е изборна измама, како може поинаку да се нарече тоа, ако не лага. Тоа е лага, ги лажете граѓаните за нешто што сам знате дек а не можеме да го направиме. Бројот на вработените спомна во делот на зголемена ставка за плати. За колку е зголемен бројот на вработените. Дај бидете искрен и нека знае јавноста за колку е бројот на вработени зголемен. За 40 луѓе. За толку е. За 40 или 45 луѓе. На ваше доаѓање 90. Сега 135. Па кажете нека знаат граѓаните за што ги трошиме нивните пари. Спомнавте инвестиции во школи. Скоро имавте инвестиција во Габерот, во ОУ Димката Ангелов Габерот. Скоро имавте инвестиција. Друга работа што одите да подгреете и да дадете некоиси политички памфлети, некојаси политичка изјава дека некој на некој ја продал државата. Па вие нудевте, па вашата партија Градоначалник нудеше Премиер Албанец, не знам дали се сеќаваш, пред 2 години. Не ти ги спомна. Суптилно пробувате нешто да подгревате. Вие ги спомнавте. Твојата дискусија воде во таква насока да подгревате меѓуетнички тензии меѓу граѓаните, да подргревате омраза помеѓу граѓаните. И сега кога ќе дадиш таква изјава и на крајот викаш јас не мислев на нив. А на кого мислеше. Ај да ги видиме инвестициите приватни во градот и да видиме кои компании кај купуваат парцели, то ќе прават и земи си го тогаш националниот момент.И престани за се да ми зборуваш тука.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Процедурално само.Претседател ќе ве замолам во иднина ако може, за било кој советник кога ќе излезе на говорница да се држи до дневниот ред, а не тука да шири политиканство, читаме тука цела седница програма која што е веќе 90% реализирана, ја читаме тука програмата, дискутираме за сосем трети работи, а не затоа што е точка на дневен ред.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Исто сакав и јас да го спомнам. Не знам зошто толку оптеретен си со мојата програма. Еве за третиот мандат ќе ти дозволам да ми ја спремаш програмата комплетно. Ако ми се свиѓа ќе ја прифанам, ако не ќе разговараме со повеќе луѓе, а мојата програма доаѓа од граѓаните, не доаѓа од тебе, ниту од мене., така да знаеш. Во делот на тоа за Албанци, Македонци и Бошњаци и Турци, Роми не спомна никој ништо. Вие спомнавте и не е во ред да така ги делите луѓето. А во тоа дека јас подгревам на национална база политичка дискусија, воопшто не е точно и јас сум се докажал во тој дел дека не е точно, затоа што сумм учествувал лично и во реконструкција на џамијата и изградба на црква, пошто ме потикна морам да ти кажам. И второ Општина Кавадарци е првата општина што изгради капела за потребите на муслиманските обреди и на муслиманските гробишта. Така да тука не гледам воопшто причина или никаков повод за дискусија. Во делот на вработените во Општина сега ќе дојде Раководителот на човекови ресурси да ти реферира колку вработени се. Не се ни 135, ни 125. Моја информација е дека 108 се. Да. Кога дојдов 82. 108. Тоа ти е негде плус уште 25,26 вработени кои што ги имаме во Општина Кавадарци. И сега ќе ти аргументирам каде се. Општина Кавадарци имаше Сектор за урбанизам со двајца вработени. Сега таму има 7 вработени. Општина Кавадарци има плус додадено во систематизација Мој Општинар и технички решенија, техничка поодршка на граѓаните, како што е Кол Центарот со 6 плус вработени, Мој Општинар кој што е од постоечки вработени, повлечени 9. На тие места кај што имало потреба се дооформени луѓе , а и со самиот обем на работа, кој што се зголеми во делот на Општината, од буџетот од 180 000 000 на 540 000 000 еве нека си кажат раководителите дали не имаа потреба за плус луѓе за тоа да го сработат. И уште една работа. Нема ниедно барање, ниту приговор, ниту нешто што на некој граѓанин не му е одговорено соодветно, во соодветен рок. Тоа го покажува транспарентноста на нашата Општина. Од 67-мо место на второ место. Јасминка може да го добиеме списокот за вработени во Општина Кавадарци. Колку вработени се.
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЈАСМИНКА ЃОРЃИЕВА: 108 се.
ГРАДОНАЧАЛНИК: 108 вработени во Општина Кавадарци така.Значи 108 вработени. Списокот ќе ти го дадам, со плати, со се комплетно. И ова е јавна работа. Нема што да проверите, кога го има тука. Еве го исплатниот список за плата во јануарскиот дел, значи јануарската плата. Е така. Значи имаме по сектори. Имаме плус Туристичко Информативно биро кое што го префрливме сега при Винскиот Музеј. имаме Инспектор за сообраќај

двајца. Ако се сеќавате пред 3 години во Каваадарци имаше над 70 тешки товарни возила, кои што беа паркирани на тие што ги нарекуваш ти тротоарчиња, улички, булеварчиња итн., сега немаме такви проблеми. Изградивме депо наречено каде што 480 лимени гаражи ги отстранивме и дозволивме да се постават таму. Еден благодет каде што го нема никаде во Македонија. Овозможивме услови за тешките товарни возила да се паркираат надвор од градот и ги нема во градот и овозможивме да личиме на град и хоризонтална и вертикална сигнализација и нови семафорски решенија и знаци и фарбање на 12 500 м2. Нешто што викаат старите нешто што не се правда, не можеш да го правдаш. Тоа што е сработено се гледа од небо.Од небо се гледа. Владата како Влада и сите агенции кои што ги имаме јас нема да се откажам по ниедна цена како Градоначалник секаде каде што можеме да аплицираме дали е Влада, дали е агенција, дали е Фонд, дали е Амбасада, за да донесиме пари плус во Општина Кавадарци, а притоа не трошејќи ги нашите пари, ненаменски ќе си ги аплицираме и ќе гледаме да овозможиме на граѓаните средства плус од нашиот буџет основен кој што го имаме. Е во тоа сме успешни. Во тоа сме успешни . А успешноста е 2,5 000 000 евра грант од КВФ Германска Банка заедно со Сојузна Република Германија кој што се работе во моментот при ЈП Комуналец. Во тоа е успешноста на добивање на многу грантови од Јапонска, Швајцарска, Германска Амбасада и ред други да не ги именувам и во многу делови во делот на Фондот. Агенцијата за рурален развој постои само заради општините, не постои заради нешто друго. Дирекцијата за рурален развој исто така е дел од Министерството за локална самоуправа, тогаш постое за општините и тие пари Владата наменски ги дава од буџет,да се поделат по региони. 4 ги има региони во државата. Ние спаѓаме во Плански Вардарски регион и таму учествуваме како 9 општини, како што ги набавивме и противпожарните возила, како што успеавме да ја изградиме патеката во Моклиште, како што успеавме да изградиме преку Вардарски Плански регион дел од Северен Булевар, дел партиципација, учество во делот на патот за Бохула, дел во делот за канализацијата за Раец и исто така успеавме да земиме два проекта од ТАФ Програмата од 45 000 000 евра, кои што Владата ги пренамени преку ТАФ Компанијата, преку апликацијата да земиме два проекта Изградба на водовод за Брушани, што е сон за некој, после 40 години да добие вода, меѓутоа нашите обврски тука не си ги заборавивм, приклучоците на вода си ги зема ЈП Комуналец, кој што до ден денеска ги врше. Во истата апликација имаме 4 000 000 денара наши средства и продолжување на изградба на водоводот до Сивите стени или кај кафаната Луле или како се вика во делот на апликација преку Бирото за регионален развој и Општина Кавадарци 4 000 000 денара. Еве сега аплицираме и за асфалтирање на патот накај Клиново со сума од х сума, мислам дека е 700, 800 м. која што ќе биде одобрена и ќе асфалтираме и така се развива општина, ден за ден, година за година, месец за месец. Ај потсети се ти и кажи ми другите општини што имат изградено во изминативе 5 години. Универзална сала ја уништивте, не

можете да ја доправите уште. Е така. Универзална сала што не е на Скопјани, на сите е. Градена со парите на граѓаните. Да и во тој дел вашата неуспешност на Градоначалниците претходни кои што ги имавте 99% казната ја добивте на изборите од граѓаните секаде во сите општини, со редок исклучок кај што имало добри градоначалници кои што си ја работеле работата. Јас за моите колеги ништо не зборам негативно при што успехот на Градоначалникот го осудуваат на крајот граѓаните и граѓаните го даваат своето мислење дали тоа е во ред или не е во ред. Дека ти или било кој очекува дека Општината ќе направе нешто свемирско или незнам што, такво нешто да не очекуваат граѓаните од нас, дека ние ќе го подобриме животот и квалитетот на живеење во Општина Кавадарци да, дека се што е зеленило ќе го одржаваме до последен квадрат да, дека хигиената ќе ја одржаваме. Уште еден момент ќе спомнам. Општина Кавадарци пред 5 години за Јавна хигиена имаше 1 800 000 денара, за Зеленило имаше 1 000 000, сега тоа е над 36 000 000 денара Општината што има обврска према ЈП Комуналец да го плаќа за одржување на јавна хигиена и за одржување на зеленило. Тоа е x1000 пати качено. Така да Општината си ги завршува сите работи. Последната плата на Општина Кавадарци е тука, бруто плата имаш од 5 070 000 денара за 108 вработени. Највисоката е на Градоначалникот од 57 000 денари која што ја рефундира преку Фондацијата Никола Јанчев и ја давам назад на талентирани деца кои што му дадовме стипендии. Е тоа се платите на Општина Кавадарци. Ова еве ќе ти го достават службите да го имаш како платен список кој што е поминат на 15.03. и за февруари месец. Значи последниот платен список кој што е поминат.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Реплика. Значи со ова, ова е втора реплика и готово.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во делот на број на вработени значи се потврди она што го кажавме дека за 30 е зголемен бројот на вработени. Само бројките беа помешани.30 нови вработени. Тоа беше идејата дека за 30 нови вработени. Друга работа во однос на цената на струјата. Ајде проверете колку е денеска на берза.

ГРАДОНАЧАЛНИК: 125 евра.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: А колку е субвенционирањето. 80. Значи пак ги лажете луѓето. Зошто ги лажете луѓето. На купекс е 120 и ти овде ни кажуваш нас дека Владата вас ве уништува и ве краде, а плаќаш за 40 евра помалце mw. Во делот на подгревање на меѓуетничка.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Тоа го спомнавме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ама види сега. Не може некој нешто да дофрле и после да ме прекинува.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Репликата ти е иста од прееѓеска.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Некој зборува двојазичност, тројазичност, ќе донесите некој од Запад. Сите приватни инвестиции во градот, најголем дел се од Запад. Ама ти го подгреваш, јас не го спомнав тоа. Морам да

му одговорам пошто не е така. А што имаше Универзална сала со Завршната сметка и изнесување смет со овоа. Па вие ја спомнувате. Ама чекај малце некој нафрла дека цена на струја на слободен пазар била поевтина, па мора да одговориме на тоа. Како тоа така. Така може да си кажете било што и никој да не ви одговоре ништо.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не, не збори, само држи се до репликата за Градоначалникот, не со сите.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе значи не може мене 15 души да ми дофрлуваат. И на крајот сам себе се демантираше кај што ги спомена кои се инвестиции на централната власт капитални овде во Кавадарци, сам ги спомна. Се сам си потврди.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници на крајот едно мое излагање во три реченици и ќе ја ставам точката на дневен ред. Се извинувам така е советниче. Пред да почниме со седницата ми кажавте дека имате говор за оваа точка. Јас како жител на Општина Кавадарци и припадник на политичката партија ВМРО ДПМНЕ и Претседател на Совет во актуелниот состав на советници апсолутно парите од централната власт не ми пречат и не ми смрдат. Значи централна и локална власт треба да функционира едно за да има развој Општината и за да има развој функционалноста. Ако јас сум доблесен да кажам дека тие проекти што се финансирани од централната власт и за добробит на Кавадарчани јас за еден добар проект за средства одвоени од Општината не слушнав од вас советниче да ги пофалите во оваа година и да речите Градоначалник за ова се слагам со вас. Каков развој ние ќе имаме на демократијата и како ќе ја развиеме Општината ако уште живееме во тој филм на централна власт пари, локална власт пари. Ние зборуваме тука денеска за Годишна сметка за буџетот на Општина Кавадарци. Градоначалникот ви спомна дека со парите кои се издвоени во текот на претходната година, се изработени општински пари, заштедени домаќински, испланирани за средства за потребите на граѓаните на Општина Кавадарци, заедно со парите од централната власт. И никој не стана доблесен да каже така е Градоначалниче. Никој не спомна дека лани беше спомнато од нашите присутни советници, од мене Дали имате слушнато еден збор на централната власт што е за интерес на граѓаните на Општина Кавадарци, а да имаме критикувано. Ние тука зборуваме за Совет на Општина Кавадарци, остај пратениците. Пратениците се централна власт.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитувани советници, почитуван Претседавач на Совет, почитуван Градоначалник, почитувана јавност. Мене ми е морам да истакнам дека ми сметаат ваквите дискусии каде што цело време се контра, се водат на некое ниско ниво и само да ви кажам забелешка од голем број граѓани кои што и на минатиот Совет кога го имавме и последниот, пред Нова година што беше ми пишуваа пораки дека не у реду така да слушат граѓаните и искрено ви кажувам дека со такви дискусии нема да се купат гласовите на граѓаните. Дајте да бидеме сконцентрирани на тоа што го работиме. Во врска со Годишната сметка

за буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, ја разгледав, ја анализирав. Вакви годишни сметки последните два месеца разгледував, анализирав, контактирав со мои клиенти, со кои што ги работевме заедно повеќе од 100 и факт е дека процентот на реализацијата на буџетот е голем и тоа е добро. Тоа никој не можеме да го спориме, меѓутоа тоа си се само бројки и бројките го кажуват тоа. Ги гледав и билансот на состојбата и билансот на приходи и расходи. Добро се скоцкани од професионалноста на екипата што го работе тој дел. Му честитам, ама има некои работи што ќе барам објаснување и ќе се задржам на тој дел. Ако се има во предвид дека капиталните приходи од вкупен износ 169 364 388, најголема ставка е приходот од продажба на неизграден градежно земјиште во сопственост на Р.С. Македонија во износ од 150 757 081 . Ми остави впечаток таа ставка што беше реализирана минатата година. Ние имавме и претпоставка и предвидено за во буџетот во 2023 година исто некои такви бројки, меѓутоа прашање е дали тие ќе се реализират и јас за тоа реков, кога го донесувавме буџетот за 2023 година. Дај боже да се реализира, ама ние треба да бидиме спремни и да не биде тоа некои такви ставки кои што минатата година ни се наредиле коцките, сме ги реализирале. Дали ќе ја имаме таа умешност во редење на работите и во оваа година или дали ќе ја имаме и таа среќа и таков интерес за купување на тие такви градежно земјиште. Во делот на капиталните расходи, купување други градежни објекти имаме износ од 187 982 582 . Во однос на 2021 година каде што ставката била 150 227 185 имаме многу поголем износ и сега барем јас така си претпоставувам тоа можеби е така, мора да е така, односно, туку дали тоа не е резултат на покачување на цените на сите потребни материјали, гориво што се за извршување на, за вложувањето во градежните објекти. Во делот на пасивата ако се земе во обзир дека обврските спрема, во пасивата што се наведени, во Биланс на состојба изнесува 235 403 436 и ако се има во предвид дека од оваа ставка обврските по основ на отплата на кредити чинат 171 000 830 и тие сигурно не се само за оваа година предвидени да се отплаќат, туку си има на повеќе години ќе останат обврски кои што мора да ги измирува Општината во износ од 65 572 460 и ако паричните средства на 31.12. е 34 000 516 тогаш испаѓа дека обврските кога салдото на сметките би била 0 на 31.12. обврската би била околу 35 000 000 и тука би сакал да ми се објасне од страна на администрацијата или од страна на Градоначалникот дали ако 100% е реализацијата на буџетот кај нас е помала од 100%, меѓутоа и да е 100% дали нас предвидените проекти ни се реализирани 100%. Оти така размислувам, ради тоа што ние го проектираме буџетот на 01.01.22 година и очекуваме таа сума на пари да ни влезе во буџетот за да може расходната страна да ја реализират. Иако е така и ние имаме проекти и ако требело со тие средства, сега ќе кажам една бројка, на пр. да се изградат некои , да се асфалтира некој пат во должина од 10 км со тие средства, сите средства да ги собериме заедно. Заради инфлацијата што треба да ја имаме во обзир, што изнесува од околу приближно 20% за

2022 година дали ние средствата сме ги реализирале, буџетот сме го реализирале ама наместо да изградиме со тие пари 10 км, ние сме изградиле 8 или помалце км. Тука тоа не можам да го видам од матерјалите што беше. Затоа барам да ми се дообјасне тој дел. И прашање исто и за реализирањето на буџетот за 2023 година. Дали ние ќе бидиме во кондиција да го реализираме. Барав и минатиот Совет кога се носеше буџетот и сега поголемо единство, залагање од сите нас. Јас имав интензивно работно време последните 2, 3 месеци, таква ми е професијата, меѓутоа и покрај тоа остварив голем број на средби со граѓани, кои што сакат да помогнат и само ќе кажам два примера. Едниот на средбите што ги остварив преку Здружение на граѓани Блашница се праве проект за расчистување на Спомен плочата на Димката Ангелов Габерот, каде што е погинат Габерот, кај што е стрелан Габерот и таму месното население е спремно да вложе труд и средства со мала помош од Општината. Исто така со Претседателите на МЗ од Бошавијата имавме средба минатата недела и тие сакат да помогнат и они и финансиски и лично за некои проекти кои што ги има Општината. Така да учеството на Општината да биде многу помало во однос на резултатот кој што ќе го добиеме со тоа материјално добро и исто така ќе ја пренесам желбата нивна да еден од наредните совети кога ќе имаме можност во март или април да се одрже таму во Чемерско. Има услови, има сала, има простор и големо задоволство ќе биде за нив еден наш Совет сите ние да отидиме кај нив. Истото го барат и од МЗ-ци од Црноречијето. Зошто така ние да не направиме да бидиме поблиски со нив, да ги активираме и да они учествуваат или помогнат во реализирањето на повеќе ставки.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче и според вашата професија што стално работите, добро сте го елабориравте буџетот и сакам да ви укажам и на она што ви беше прашање дека ниту еден проект не е скратен или делумно изработен во однос на делот на финансиските средства заради покачување на цени, инфлација и тие работи. Сите проекти како што се ставени, се ставени во целост уште со самата тендерска документација и планирањето во делот на самата изведба. Доколку има такво нешто ние секако тоа би го елаборирале уште на претходен Совет и би го побарале од Совет како дозвола да се дооформе. Би се навратил назад во овој дел кај што кажавте дека може да правиме совети надвор од салата на Општина Кавадарци. Јас сум за. Еве договорите се меѓу вас, доколку Претседателот на Совет е желен може и наредна седница да ја направиме и во Чемерско, па може да направиме и во друго село, може да направиме во населба и да ги видиме граѓаните и да бидиме поблиску до нив и да имаме повеќе дискусии во зависност нели нормално и кои точки ги имаме на самата седница на Советот. Најдобриот менаџер да го најдите во една приватна компанија или во јавна институција ќе направе Програма за работа, акционерите би му ја одобриле таа програма за работа и ќе се стреме да ја заврше тековно во делот на работењето, ако најдете менаџер што ќе ја оспособе и изврше програмата со 97% наредните 5 години ќе

му бидат загарантирани во истата фирма, па и да не работел ништо во ова вакво време. Во делот на 23-та година што прашавте и буџетот јас заедно со службите и со вас, а пред се со урбаните и месните заедници имавме многу плодна дискусија, дури ги поканивме сите селски, урбани заедници, месни заедници на разговор со нив и дијалог за нивните потреби, сето го прибележавме и определивме што ќе ставиме за изградба за оваа година. Јас од денешен ден не можам да предвидам ниту месец дена, ниту 6 како ќе се одвиваат сите ситуации, како ќе бидат, меѓутоа ќе бидам поборник и никогаш нема да се откажам да овој годишен буџет го реализираме над 90%. Верувам дека и сите вие ќе бидете поборници за истата работа. Во делот секаде месното население кај што сака да се вклуче во било кој дел, а е од јавен интерес Општината стое на располагање, заедно и со бизнис секторот и со самата Општина да ние тоа го дооформиме или потпомогниме со единствена цел да нашите сограѓани си ја остварат таа желба или јавен интерес биде поблиску до самите граѓани. Општина Кавадарци досега ниту една идеја не ја ставила под теписон, не ја разработила, а доколку е во нејзина ингеренција и доколку е од јавен интерес сите идеи ги разработуваме заеднички и сите идеи и ред други работи објективно ги ставаме на Совет, без разлика што крајната ингеренција е моја како Градоначалник на многу договори, донации и јавни интереси, се е дозволено и од мене сугерирано да се ставе на Совет, ако ништо друго да биде како информација за и советниците да бидат информирани во делот на тековното работење на самата Општина и на Градоначалникот. Никогаш тука не сум се поставил како јас сум јас или било како, не, заеднички секогаш викаме дај да сработиме, да направиме. Тоа го кажуваме со службите. Тоа го кажуваме на јавните претпријатија. Заслугата е заедничка за тие што учествуваат да работат. Толку би имал во коментар во тој дел. Само би се навратил на едно пошто советникот Вуко Мелов потикна една работа каде што еве јас си го вратив филмот назад и за тоа му сум налутен приватно, али тоа е мој проблем приватен да вие советниче, веројатно еде т.н. новинар кој што на ју туб збори секојдневно имате делумно учество во негово поттикнување на зборењето дека еден најпатриотски град Кавадарци, сега ќе дојдат Албанци да градат , па вака ќе бидело, па така ќе бидело и таму имало франге, франге, прашкови, сок од јачмен, сок од вино, не е убаво тоа, не е хумано. Така да јас оставам на твоите. Тоа е мое мислење. Не е за во МВР. Тоа ти дадам простор како млад човек да не размислуваш така и да се исправиш затоа што ќе станиш еден ден и фамилијарен и се и немој да подлегнувате на такви.Не, не нека си одговоре. Според мене нема никаков проблем да си одговоре. Доколку вие или јас, моите сограѓани советници ги напаѓам на таков начин, а вие вашиот, сепак тебе сум Градоначалник на граѓаните и тебе како Градоначалник би те примил секогаш како мој сограѓанин за твоја потреба или било каква, никогаш не би те навредил и вратил назад без разлика од каква етничка припадност и политичка партија доаѓаш . Тоа е мојата доблест и моето домашно воспитување кое

што сум го имал претходно, а јас сум 41 година и веќе се разчунам за зрела личност, со полнолетно дете, кое што го учам исто на стапките мои, да биде објективен према сите. Така да во тој дел кажав лично да тоа е причината која што мислам дека не е во ред да се напаѓаме на такви начини. Наместо да бидеме компактни и да си критикуваме политички и во делот на способноста и неспособноста на работењето, не сме 4 000 000, ние сме 36 500 жители во Општина Кавадарци. 36 500 жители кои што секој ден му е скап, а животот е толку краток и едноставен каде што треба да функционира, така да кај нас во Кавадарци ниту имало зла крв, ниту пак мислам дека ќе дозволиме и потикниме, дали се независни, дали се ВМРО, дали се СДСМ да отидиме во таква фаза на дискусија. Мој повик е да бидеме објективни, а тоа ќе биде во интерес на нашите сограѓани.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Спомна Градоначалникот дека јас сум потикнувал некојси новинар да нешто зборува против вас. Значи станува збор за веројатно Васко Ефтов и за некојаси негова емисија. Јас од човекот ниту имам број, ниту имам контакт, нит сум му сугерирал нешто и мислам дека овоа е навреда за некој со 30, 40 години кариера да некој од страна му сугерира за он да зборува во емисија. Мислам дека тука обвинувањето кое што го праќаш према мене ти е неосновано и треба да си се преиспиташ малце. Друга работа. Јас Градоначалник вас ниту еднаш ве немам навредено, за разлика од тебе. Пред една недела ти си воа, исто со Здраво и другите. Не заслужуваш ништо, а најмалку тоа што си друга страна. Слушам ќе бидеш метлар. Септември месец. Дете гледај си твоја работа. Не се мешај во приватни работи, а кој бере дрва јас ќе ти кажам. Срамно, мивко си. Подалеку од мене. Ни здраво, ни пријатно. Толку. Еве ги скрин шатовите.Нека виде цела јавност . Уклучи ми го микрофонот. Не може некој да испадне на говорница и да кажува дека јас сум потенцирал на некој него да го навредува, а кога мене ме навредува ми го гаси . Остајте ги граѓаните да ги слушнат пораките. Пораките може да ги слушнат граѓаните. Не може, дали е нормално Градоначалник да му се обраќа на советник во 1 часот навечер Ќе бидеш метлар, да му се обраќа Мивка си, не знам што си . Дали е тоа. Уклучи ми го микрофонот сега. Дали е нормално Градоначалник на советник во 12 саатот, во 1 саатот навечер да му пишува пораки и да му кажува дека ќе биде метлар. Да му пишува пораки каде што му вика дека е мивка. Дали е тоа во ред. Дали на некој од вас тука сум се испонашал на тој начин. Ниту еднаш на никој од вас. Никој. .И овоа дека јас сум потикнувал новинар со 30 години кариера да зборува против вас. Не го правам тоа Градоначалник. Ако вие имате таков нарав да правете нарачки, тоа си е ваша работа. Јас не функционирам на таков начин.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници, граѓани и медиуми. Како што кажа и кординаторот да се вратиме на темата. Значи не сме овде да слушаме дијалози. Сите треба нешто да кажеме и секој има свое излагање. Значи за дуел и дијалози на други места.Од буџетот на Општина

Кавадарци или приходите на Општина Кавадарци кои се на ниво од 1 054 611 денари основните буџетски приходи кои Општината од свои средства ги располага, односно не се дотации, донации кои што се нели за плати во образование, основно, средно, градинки се 543 502 752 денари или 49, 6% значи од вкупниот буџет Општината располага со средства со кои треба да ги намене дали во плати, дали во инвестиции. Од тие средства што е стварно за поздравување 315 691 668 денари, 315 669 000 се за капитални инвестиции. Јас не навлегувам во тоа какви капитални, од што капитални, бидејќи во сметководството и во финансиите и тука Раководителот на секторот добро знае како ги контира и кои се капитални инвестиции. Значи може да ги поздравам дека овие капитални инвестиции стварно се наменуваат суштински и наменски. Значи некои инвестиции кои што се од сопствени средства на Општината, како што и пред малку ги спомна и Градоначаллникот. Значи пробивме улица Лазо Асијата која оваа година, претходната 22 и 23 ќе се реализира каде што знаеме луѓето во УЗ Ќиро Крстев дека освен Калница каде што знаевме дека претходно беше блокирана и од возила, немаат друга алтернатива до градот значи. Сега се проби улица каде што тие луѓе ќе имаат алтернативно сообраќајно решение и тоа улица по сите прописи. Знаеме за Западен Булевар каде што граѓаните од Слога и УЗ Задругар беа како на крај на светот. Да дојдат до центарот, до излезот на градот поминуваа неколку километри и таму имам пријатели, другари што живеат, значи јас мислам дека до таму да дојдеш е потешко отколку да отидеш незнам до Марена, нели Возарци. Значи се проби Западен Булевар, значи капитална инвестиција од значење на Општина Кавадарци. Бел Камен нова населба комплетна со улици и тротоари. Значи едниот дел каде што се проби од Тиквеш, Градба Промет, па до поврзување со постоечката и околните улици, доаѓат како еден вид кружен проток. Тие што биле таму знаат на што мислам. Улицата Шишка, значи незнам кој има поминато, претходно Шишка, извинете граѓаните на Глишиќ освен излегување на улицата Шишка за да дојдат до градот немаа друга алтернатива, а сега има улица каде што се поврзува со дел од градот и сега исто во 23 година, 25-ти Мај исто се доповрзува со минатиот дел што требаше значи паралелна улица на Шишка со улицата Домовица, каде што моментално, јас скоро пешачев таму, значи има таму изградба на куќа и куќи се градат, комплетна нова населба и има цел булевар, односно улица нели по прописи каде што се пробива и се граде. Значи тоа се улици каде што нови се пробиваат и населби се градат и тоа е за благодет. Во делот на како што спомна и Претседателот на Совет, се слагам со него. Во делот на добивање на средства значи јас сметам дека Градоначалникот во овој дел и нели менаџерскиот тим со него и раководителите на сектори стварно е добар менаџер бидејќи тој се грижи од каде ќе ги оствари средствата, значи дали од донации, дотации, знаеме претходно имаше неколку компании кои што стварно остваруваат јавен интерес и се грижат, донират, сега скоро видовме како Дрекслермајер, овие постројки за автобуси, предходно

имаше Кожувчанка и ред други компании, кои што на секој Совет донираат некои работи, што е стварно за поздравување. Во делот ако државата донира и тоа е за поздравување. Во тој дел сега да не навлегуваме. Значи нова градинка од државата за поздравување. Каваадарци според ЃДП-то учествува какк втор град воо државата и во донирањето на тие средства по број на жители. Ако влезиме и таму, сега да не влегуваме во делот за тоа . Како што спомнавте најголема инвестиција градинката, Брушански Залив и патот за Дреново. Брушански Залив и Дреново е инвестиција како што кажавме од ТАФ. ТАФ што е. ТАФ е 2008 година договор каде што турската влада инвестира, знаеме која беше таа власт каде што ги изгради новите аеродроми Скопје и Охрид и каде што требаше да се изгради аеродром Штип или тие средства како ќе одлучи државата доколку не се изградија тие аеродроми. Не сакам да навлегувам во тоа, но знаеме и тие средства од каде потекнуваат. Исто сакав да кажам значи во делот на приходите. Приходите 169 364 388 денари се од продажба на земјиште. Значи државата успешно односно Општината успешно располага со државното земјиште и успешно го продала, односно наменски каде што остварила приход скоро од 3 000 000 евра. Данокот на имот претходната година приходот од тој данок на имот бил 76 000 000 денари, сега е 88 000 денари, од кои 48 000 000 денари се од данок на имот, 28 000 000 денари се извинувам од данок на имот, а 31 000 000 денари се од данок на промет.Значи има раздвижување на пазарот. Новите згради, новите градби значи остваруваат дополнителни приходи во Општината. Тој приход се знае се враќа во тие згради, се прават улици, тротоари и општо на граѓаните.Толку ќе биде од мене Претседателе на Совет.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи почитувани советници идејата на нашиот колега Јован Златевски за евентуална седница на Советот на Општина Кавадарци во спомна, ете во некое место во Поткожувјето. Како идеја разговарав со Раководителот на правен сектор на Општина Кавадарци и е изводлива таа, меѓутоа треба да стапиме во контакт со медиумски куќи дали тоа технички би било изводливо и покриено. Така да за тоа ќе добиете информација, како идеја е возможна, меѓутоа треба да се докомплетизират и допрецизират условите за изведба и изработка на самата таа седница.

Почитувани советници уште советникот Круме ни се придружи во самата расправа. Советникот беше уредно најавен дека одреден период ќе отсуствува од самата седница, така да би ги повикал советниците да влезат во сала, меѓутоа бидејќи има и онака мнозинство точката за првата точка Годишна сметка на буџетот на Општина Кавадарци ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. Диме. За. Кој е против. 4 против. Нема воздржани. Преминуваме на втората точка од денешниот Дневен ред.

2. Годишен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2022 година.

Отварам претрес за оваа точка.Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. Кој е против. 4 . Диме. За.

3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. 14 за. Против нема. Воздржани. 1.

5.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр. 60/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

4. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижна ствар за КО Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка.Дали некој бара збор.Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

5. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес за оваа точка.Дали некој бара збор.Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Диме. За.

После исцрпувачката прва точка со оглед на тоа што треба да ги повикаме раководителите на Општинските јавни установи да бидат сите присутни бидејќи се разговара за нивните завршни сметки јас би дал 5 минути пауза .(Пауза)

Почитувани советници пристапуваме кон 8-та точка на денешниот Дневен ред.

6. Годишна сметка на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;

Тука ни се присутни Раководителите на Јавните општински установи на територијата на Општина Кавадарци. Пред да ги почниме расправите за секој од нив, било кој советник некое прашање ако има, нешто, негово гледиште, коментар тука ни се претставниците може да добиеме адекватен одговор . Значи отварам претрес по 8-та точка на денешниот Дневен ред. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас ги поздравувам присутните и сакам да ја искористам оваа прилика и пред јавноста и пред нив , тоа го кажав и на Комисијата што беше пред некој ден, не вчера завчера ние имаме проблем генерален во цела Македонија со намален број на ученици и секоја година е се помал и помал, меѓутоа и тие што се присутни имат некоја лабавост према сериозноста на образовниот систем. Тоа сето е предизвикано од 2 години короната што беше, од дома слушаа настава децата и сакам вие како раководители на основни, средни, школи да влијаете преку класни раководители кај децата да не се јавуваат некои појави на неприсуство на настава, што се чести и имам сознание дека отсуствуваат и повеќе од 25, 6 часа, а сепак некои не му се пишат ради толеранција. Дајте родителите што ја слушаат оваа седница нека

влијаат да ги почитуваат наставниците, пошто ние си ги почитувавме нашите наставници. Кога бевме ние во основно, кога имавме тема наша идна професија, често пати ни се случуваше тоа, најчеста професија беше наставник, наставничка или доктор, докторка. Сите децата сакаа така, а тоа беше ради тоа што ние ги почитувавме тија. Дајте и родителите да влијааат да ве почитуваат вас. Дајте и вие влијаете децата да си бидат како што треба и ние како Совет да се понашаме како што треба за да знаат они дека ваа нашата држава си е добро место за живеење. Да не ни се случува завршува средно образование и наместо да се запишува на нашите факултети, се почесто одбират да се зпишуваат на факултетите во странство. Барате од високото образование почесто нека идат кај вас, кај тие што се 4-та година да се децата запознаат, средноошколците тие што се матуранти за нашето високо образование и сакам тука да останат нашите деца, затоа што му требат на стопанството. Во стопанството има што помалку стручен кадар и второ кое што би го потенцирал е стручниот кадар и кај вас, особено тие стручните предмети ќе имаме недостаток на квалитетен кадар и затоа треба да се превземат мерки, ако треба и некои измени во законот да се направат за да може ако треба како и професорите на факултетите , вонредни професори што се, така и во средното образование нека има вонредни професори за некои предмети, ама приоритетни да не дојдиме во ситуација да нема наставник по физика, математика или некои други предмети.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Одлична забелешка. Апсолутно се сложувам со вас. Одлично размислување во правец на тоа во каква насока треба да се движат нашите општински установи под ингеренцијата на Општина Кавадарци.Почитувани дали некој друг бара збор.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани пред да се почнат точките з разгледување на основните и на средните училишта, јавните институции и јавните претпријатија би сакал да укажам прво една благодарност до раководителите и директорите кои што се денеска присутни и на нивната објективност и транспарентност до сегашното работење, без разлика на успехот кој што е остварен за 22 година. Мислам дека секаде имаме позитивен успех направено во делот на оние институции кои што се под Општина Кавадарци. Во делот што кажа и советникот Златев на основното и средното образование мислам дека најклучно, најкомпетентно, дури јас би ја земал и предучилишната воспитна организација Детската градинка Рада Поцева, пошто Општина Кавадарци има место за секое дете кое што е запишано. Значи од почетокот на предучилишното, па основното и средното образование тие се кои што треба да се трудат да изградиме добри кадри, да ги едуцираме кадрите со позитивни моменти од наставниот кадар, образовниот кадар, поготово

раководителите и директорите кои што треба на колективот тоа да го овозможат. Тоа сега како Градоначалник и раководна функција од 5 години некои директори се и претходно, некои се и нови лична моја забелешка јас секогаш кога сум имал сум ја произнесил до секоједен раководител и пред Совет, меѓутоа и на координативни состаноци кои што ги имаме заеднички за потребите на секое училиште. Општина Кавадарци без разлика што во моментот располага со директори, раководители од повеќе различни политички партии или независни, јас сум уверен, сигурен дека секоједен раководител и директор својата професионална функција ја извршува без разлика на неговата припадност политичка или било каква. Така и ќе продолже и тоа е примерот за една општина да може да имаме еден добар колектив и еден добар развој на образованието и на сите други јавни институции. Основото и средното образование во последните 5 години, поготово последната година заедно со МОН го подигнавме на повисоко ниво во делот на условите на извршувањето на самата настава со доста реновирани училишта, изградба на спортски сали, опремување со повеќе кабинети и во стручните училишта и во основните училишта исто и мислам дека условите за работа ги имаме во секоја образовна институција. Останува другото на наставниот кадар, на раководителите да сполотено, колективно, сепак овие раководители доаѓаат токму од редовите на колективот на образованието и мислам дека почитта едни према други треба да си ја имаат на максимално ниво, а во делот на јавните институции, кои што Општината ги нуди како Спортскиот Центар Јасмин, Домот на културата, Музејот, Винскиот Музеј, ЈП Комуналец, Паркиралишта и сега новото ЈП за превоз мислам дека треба да бидат пример како треба едно ЈП да функционира домаќински за да може навремено и квалитетно да ги возвратиме услугите на нашите граѓани, а со тоа го даваме и примерот дека една Општина во која што ЈП-ја функционираат во самата општина, една Општина каде што средните училишта функционираат како што доликува на еден образовен систем, укажува на тоа дека Општината својата обврска си ја завршува према своите жители и према најмладите и нормално тука Спортскиот Центар Јасмин кој што има простор за уште поголем развој заедно со Агенцијата за млади и спорт и со нашите програми кои што ги имаме за доизградба на повеќе содржини. Општина Кавадарци е во тенденција да сите спортови и професионални, меѓутоа и колективни и аматерски ги доведиме на ниво да бидат достапни за жителите на Општина Кавадарци, а поготово да обрнеме

внимание на средношколците, оние кои што треба да бидат идните матуранти и ние како Општина и како образовен систем и му кажиме, а пред се им овозможиме после завршувањето на високото образование да бидат дел од системот, односно дел од Општина Кавадарци и нормално да творат и да можат да возвратат на нашата општина со кадри, кои што ќе го подигнат уште повеќе нивото на самата Општина. Општината има капацитет, невработеноста е најмала во државата, помеѓу 3 и 4%, по БДП сме втора општина, стручноста во делот на дуелното образование функционира одлично и бизнис секторот заедно со сите стручни служби кои што ги има и од средното образование и од самите институции се залага за нашите средношколци, кои што не мислат да продолжат на високото образование, да имаат вработувања, соодветни во Општина Кавадарци. За многу општини тоа го немаат во Р. Македонија ние го имаме и треба да го искористиме. Како Општина стоиме на располагање да нашите кадри кои што ги имаме потенцијални како средношколци успееме да ги насочиме да бидат дел од Општина Кавадарци. Мене ми е искрено жал што не успеавме да оформиме Средно Музичка паралелка и покрај тоа што ги исполнуваме сите услови и проекти и елаборати направени и покрај тоа што кадровски располагаме комплетно сеуште не успеавме да имаме во Кавадарци Средно Музичка паралелка и еве тука и со директорот и со сите други чинители нема да се откажеме од таа работа и во иднина ќе се трудиме да Кавадарци добие дали Општинско Средно Музичко училиште или Државно Средно Музичко училиште, без разлика на ингеренциите и морам да потенцирам и да кажам конечно државата се на некој начин охрабре она што досега беше многу горлива точка за средношколците, кои што доаѓаат од другите општини, а учат во Општина Кавадарци, а ги имаме доста да нашиот Училишен дом за сместување на средношколци којшто е под ингеренција сеуште на МОН, со одлука на Влада и со одлука на Министерството да го превземне како Дом за сместување на деца, биде под наши ингеренции и верувам дека оние проблеми кои што ги имаат тие ученици таму, а се од многу горлив карактер, да тоа е немање ел. енергија времено, по долги периоди, оневозможување на затоплување на самите домови дека Општина Кавадарци самата со свои средства и нормално со тие блок дотации коишто досега ги имале, со менаџирањето дека ќе успееме тоа да биде така како што доликува на еден училишен дом и да тие деца имаат соодветен третман и соодветен пристап до образованието, пошто и сами знаете дека двете стручни средни

училишта се од поголем обем, имаат повеќе сектори, односно повеќе стручни делови и треба тоа да се користе на регионално ниво и било кој заинтересиран средношколец, па можеби понатаки жител на Општина Кавадарци. Уште еднаш ќе потенцирам и ќе кажам да сите директори си соработуваат во областа заеднички, се носат заеднички одлуки и само така можеме да испадниме до едно повисоко ниво на категоризација на основно и средно образование и до поквалитетни кадри. Натпреварот према училиштата за жал можеби не го категоризираме во моментов. Јас би дал предлог да сите основни училишта и средни училишта според бројот на ученици да еве од 23-та година почниме да се натпреваруваат на некој начин тоа ќе биде мотив и за самиот наставен кадар, меѓутоа и ќе биде мотив за самите училишта објективно, транспарентно и отчетно на Совет или на крај на годината да видиме кој и кое училиште какви резултати носе во делот на она што значи надвор од наставниот кадар, а тука знаете и дека имаме многу натпревари по природни науки и други образовни елементи и секое постигнување на училиштето покрај тоа што ќе донесиме одлука и мислам дека на претходниот Совет спомна и Претседателот на Советот да бидат наградувани учениците и наставниците за освојување на награди, треба и самото училиште да биде на некој начин мотивирано, заедно со Раководителот, а тоа може да биде добар стимул за да наставниот кадар и раководниот кадар на самите училишта превземат поголема обврска и улога во делот на активноста и градењето на кадри во сегментот каде што се даде основа дали во основно или во средно образование.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Ќе земам јас збор.

Почитуван Градоначалник, почитувани советници, почитувани менаџери на основни и средни општински училишта на територијата на Општина Кавадарци, почитувани граѓани. Бидејќи 8,9 и 10-та точка ни се точки за нашите средни општински училишта јас би апелирал и едно мое гледиште до бизнис секторот на територијата на Општина Кавадарци кој несебично во изминатиов период беше голем партнер на скоро сите проекти, идеи, начини на реализација,полесен начин на функционирање, заедничка соработка со Општина Кавадарци да изнајдат начин, модус, модел да се стапи во контакт со нив за формирање на фондации од типот на Фондацијата моментално што функционира на територијата на Општина Кавадарци. Тоа е Фондацијата Никола Јанчев, која апсолутно несебично го препознава и делува на моделирање и помагање на

лицата кои општествено можат да допринесат во иднина во Општина Кавадарци. Тоа е за почит, за поздрав. Воедно го охрабрувам бизнис секторот да вложи во тие деца, да вложи во деца кои с првенци на генерацијата, децата кои отскокнуваат во нивното образование, бидејќи едно да знаеме дека до доаѓање до квалитетна работна рака во идно време и на нашите менаџери ќе му биде многу тешко.Бидејќи ќе му биде многу тешко, мора да си помогниме сите на себе. Тоа сега е моментот. Ги имаме локалните општини што се до нас. Еве да го земиме Брако во Општина Велес каде што на ист принцип се функционира. Така да Кавадарци е индустриски град и сметам дека со една подадена рака со бизнисмените, со нивни бизнис сектор, па нека се направе средба со Стопанската Комора на Општина Кавадарци со менаџери да се размислува во правец на формирање на такви фондации каде што ќе бидат импактирани талентирани ученици на територијата на Општина Кавадарци. Тоа е едниот мој дел. Во однос на второто мое излагање во разговор со Градоначалникот г-динот Митко Јанчев и во разговор со вас советниците на Советот на Општина Кавадарци и со раководителот на сектор финансии во Општина Кавадарци г-ѓа Цанка Јованова предложив еден проект да го имплементираме во текот на оваа година. Тоа е за учебната 22-ра, 23-та година сите ученици кои освоиле награди на државни и на интернационални натпревари да бидат финансиски наградени од буџетот на Општина Кавадарци заедно со нивните ментори, како мотив, како стимулација заедно со нивните ментори за уште поголем прогрес и развој вклучително и на менторите, а воедно и на самите ученици. Една мала финансиска коцка во нивниот образовен мозаик, кој се надевам ќе биде поголем потик за да се овозможи една лична сатисфакција на тие деца. Знам дека нашата Општина, го почнавме тој проект со Секретарот на Општината Тошко Ефремов, негде за минатата година добивме бројка некоја од 70 ученици на територијата на нашите основни и средни општински училишта кои освоиле награди на државни и на интернационални натпревари, вклучително тука е и Музичкото Училиште Лазо Мицев Рале, така да на наредните совети ќе се изготве Амандман предложен од моја страна како Претседател на Совет на Општина Кавадарци, разговорите се во тек со финансии сектор, Секретар и Градоначалник и се надевам дека законски учениците кои што ќе постигнат врвни резултати, достојни претставители на државно и интернационално ниво, оваа година ќе бидат и финансиски потпомогнати од Општина Кавадарци, заедно со нивните ментори. Така да ви благодарам за вашето присуство и

се надевам вложувајте во нивните деца, вложувајте во идните генерации и дај боже утре да бидат општествено одговорни, еден дел од нивните образовни траектории да ги вложат овој Совет, во нашиот град и да бидат општествено продуктивни.

Осмата точка на дневен ред ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Диме. За. .

7. Годишна сметка на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. За.

8. Годишна сметка на СОУ„Киро Спанцов -Брко„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на СОУ„Киро Спанцов -Брко „ Кавадарци ;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

Пристапуваме кон годишните сметки на нашите основни општински училишта.

9. Годишна сметка на ООУ„Тошо Велков -Пепето„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци ;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. За.

10. Годишна сметка на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци ;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Диме. За.

11. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор . Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

12. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

13. Годишна сметка на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов„ Кавадарци, донесена од УО на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор . Бидејќи никој не бара збор, точката 15 ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

14. Годишна сметка на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци ;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

15. Годишна сметка на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци;

Директоре повелете кренавте рака. Дали барате збор. Нема проблем само повелете на говорница.

ДИРЕКТОР НА ООМБУ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседателе, почитувани советници. Само сакам иако е точката во друг дел, пошто ние како училиште еве овоа е за поздравување од овој Совет, од Градоначалникот и од Претседателот на Советот што ги донесивте овие одлуки за овоа средно училиште само додаваме само некои појанувања и јавноста нека знае. Ние сеуште таа работа, вчера баш бев во Скопје на состанок со директорите и со директорката на СМУЦ Илија Николовски Луј и пак беше предлогот ставен за да не стават и оваа година, но јас не можам да превземам понатамошни постапки се додека Министерството не потпише за да дадиме ние јавен оглас дека во Кавадарци ќе одобрат паралелка и затоа сега во овој момент кога ќе бидат јавните повици за упишување на ученици во средните училишта тогаш и ние ќе бидиме ставени во пакет доколку дозволат ние тоа ќе го направиме и ќе го продолжиме понатаму да биде како што го дадовте предлогот. Тој е од вас подржан, со наша добиена верификација, таа не е уште изгубена. Тоа е едно запознавање пред јавноста за да знаат и родителите и учениците, оти лани така направивме, Ќе ја одобрат, ќе ја одобрат, 16 ученици од Кавадарци, после не знаеја каде да се запишуваат, учениците чекаа, а од Министерството не беше дозволена паралелката од Министерот. Со новиот министер не знам како ќе биде. Исто би сакал да го кажам и ова што го кажавте многу е позитивно и тоа е за поздравување што донесивте одлука така и за учениците и за школите што ќе имат како финансиска подршка и тоа е доста едукативно за наставниците и учениците, кои во иднина ќе дават поголема стимулација за наставниот кадар и за учениците. За запознавање еве кај нас сега на 28.29-ти званично ние после 3 години пауза од короната, пак го обновивме Фестивалот што беше меѓународен балкански. Веќе имаме пријавено 200 учесници и ние организираме така да ќе ни биде драго на отварањето да дојдите и тоа е малце од поголемо значење тој натпревар. Значи само ние го имаме одобрено со верификација од Министерството за култура и кој е единствен на Балканот, значи за камерна музика. Во моментот се пријавени 200 ученици. Тоа е голема бројка. Имаме од Хрватска, од Србија, од Бугарија, Косово имаме, од Македонија и од Словенија. Така да благодарам и на ова. За нашите наставници ќе биде многу позитивно и за учениците, а уствари и за сите во нашата држава. Тоа беше едно мало појаснување само во делот, беше само да кажам за учениците за средна школа што планират, да не направиме нешто погрешно.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Бидејќи има упис иако нема добиено верификација средното образование што ќе се деси со тие ученици што ќе се запишат во случај да добијат верификација.

ДИРЕКТОР НА ООМБУ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Недоразбирање. Значи ние не можиме да упишуваме ученици, се додека не добиеме од Министерството дозвола за таа паралелка за во Кавадарци и ние не можеме

да објавиме оглас за упишување за во Кавадарци упис на ученици за средно училиште. Значи со дозвола на Министерството.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Значи ако нема верификација ќе нема и упис.

ДИРЕКТОР НА ООМБУ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Верификацијата ја имаме, треба Министерот да потпише дека паралелката ја одобрува. Толку е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само на кратко директоре. Прашање од мене. До каде е проектот за химна на Општина Кавадарци .

ДИРЕКТОР НА ООМБУ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Да јас еднаш направив химна. Не знам дали сте ја слушнале, ја пуштив на повеќе луѓе. Тоа е еден стар марш во Кавадарци, кој е доста познат и го нотиравме ние, го снимавме. Треба да го чуете и да видите, да ми кажете дали да продолжам да го правам подобро аражманот, оти многу работа е тоа, ќе изгубиме скоро месец време. За нас не трошок, само работата во училиштето, бидејќи ние со ваша помош од буџетот одвојувавме средства и направивме во нашето школо музичко студио имаме, кое е за наши потреби, тоа е за поздравување. Тоа може да го користат и сите школи кои имат дечиња талентирани, за било што може да го користат. Така да, да ја пуштиме, да ја чуете, после има и текст доколку ви се допадне и можеме да ја презентираме.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ:....Дали друга паралелка во музичко училиште може да ја застапува нашата паралелка, да се пишат во Скопје да учат, ама овоа да биде издвоена паралелка во Кавадарци.

ДИРЕКТОР НА ООМБУ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ ЗЛАТКО ЈОВАНОВ: Не. Добро е прашањето само не е така. Значи ние сме истурена паралека, тие се под Скопје . Значи Скопје нас не контролира, ни два тука истурена паралелка, во Струмица мислам има такво училиште и ние сме под нивни ингеренции и само што тука учениците ќе учати така е потпишано, треба да се потпише од министерот. Ќе биде истурена паралелка, како клон да кажам во ОМУ Лазо Мицев Рале.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Благодарам Директоре. Дали некој друг има прашање, сугестија. Нема. Во ред, Значи 17 точка Годишната сметка на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале„ Кавадарци ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно усвоена.

16. Годишна сметка на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2022 година донесена од УО на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Може менаџерите на основните и средните школи, на ООМБУ Лазо Мицев Рале да се вратат на нивните работни обврски. Ви благодариме.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Во делот на финансискиот извештај наЈОУДГ„Рада Поцева„ сакам да искоментирам некои од расходите, кои сметам дека се нерационални и барам да ми бидат појаснети. Прво во делот патувања. Минатата година 2021, односно пред минатата 2021 година за сместување

биле потрошени само 6300 денари, додека во 2022 година на оваа ставка патување и тоа во делот патување во станство за патни трошоци е потрошено 25 700 денари, а за патување во странство во дел хотел е потрошено 80 900 денари, односно трошоците вкупно за патување во споредбено 2022 година со 2021 пораснале за 100 000 денари. Сакам да прашам каде се патувало, кој патувал и зошто патувал и најважно од се каков е бенефитот од овие патувања кон крајните корисници на услугите на оваа јавна установа, односно на дечињата. Второ во делот за трошоци за ПТТЕ, односно ставката телефон. Во 2021 година потрошени се 70 600 денари, додека во 2022 година трошоците пораснале за 122 % и изнесуваат 156 358. На што се должи ова. Трето. Покачување на ставката за скоро 5 пати за поправка на хардвер и софтвер. Четврто. Дупло покачување на ставката за расходи за репрезентација. Петто покачување за 70 000 денари на ставката огласи, од 119 000 на 191. Какви се тие огласи. Делот за привремени вработувања се намалува за 2 300 000 денари и со тоа се анулира трошокот направен за прехрамбени продукти кои што исто така е пораснат за 2 700 000 . Затоа сметам дека покачувањето на градинката е неосновано, е избрзано и сметам дека тогаш Градоначалникот се водеше по тоа дека подобро е навреме да се реагира за да не настанат финансиски потешкотии во работењето, сметам дека излева на виделина дека тоа е не е баш така ова, затоа што се замрзнуваат цените на прехранбените производи, се стабилизираат цените на горивата и цената на струјата. Така да сметам дека покачувањето е избрзано и неосновано и треба да целиме истото да биде намалено.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани сограѓани. Во врска со сметката на ЈОУДГ„Рада Поцева„ за 2022 година од Финансискиот извештај на градинката морам да истакнам дек а во ставката за плати и надоместоци за вработените, наместо сметка на која се водат блок дотацииите од Министерството, зголемени се срдствата од државата, ова се должи на тоа што во 2022 година од вработените во градинката 22 вработувања преминаа на товар на МТСП. За разлика од ова каде што се растерети општинскиот буџет од финансискиот извештај имам впечаток дека е зголемено трошењето по одредени ставки за кои барам појаснување од директорката како што се во 2021 година за униформи се потрошени 22 450 денари, во 2022 година потрошен е износот од 375 830. Кога ќе го поделиме овој износ на 144 вработени излегува една сума дека секој од вработените би добил униформа во вредност од 2600 денари. Исто така за обувки, за набавка на обувки во 2021 година се потрошени 800 денари, а во 2022 година се потрошени 213 101 денар, 26 пати е зголемен износот што е потрошен за обувки, не знам за кои потреби, обувките се сигурно претпоставувам за вработените. Ова е големо зголемување. Сметам дека би требало да биде етапно, да не биде во кризна година вака набавката извршена, за да може значи финансиски градинката да биде стабилна и барам појаснување значи во поглед на овие две ставки и трошоците кои се направени. Со

оглед на тоа што само Кавадарчани плаќаат покачени мстки за дневниот престој за децата во градинка, а веќе Владата презеде мерки за намалување и замрзнување на цените на основните продукти, сметам дека време е оваа одлука, која ја изгласа Советот на Општина Кавадарци повторно да се врати на висина од 1490 денари како што е во останатите општини во државата, така што наместо да се има комоција во трошењето на средства на родителите, заради покачување на цените во услови на криза повеќе од потребно е да се однесуваме совесно, економично и домаќински. Прогнозите дека енергетската нестабилност со растот на цените на храната ќе го загрози функционирањето на градинката и тоа директно ќе се одрази на квалитетот на престојот на децата, овие прогнози не се случија и доколку повеќе што доколку ниедна Општина не ја покачи цената на градинката, да претрпе промени, односно да се врати на старата цена на градинка што ја плаќаат граѓаните. Во услови на криза како со државниот буџет, така и со општинскиот буџет потребно е на граѓаните да му се помага и да му се намалат трошоците.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Имаме Завршна сметка, односно Финансиски извештај на Детската градинка Рада Поцева. Она што можеме да го забележиме од извештајот е дека оправдувањата кои што беа давани во месец ноември кога се зголемуваше цената на детската градинка на крај не држат вода. Зошто. Заради тоа што на пример имаме намалување на трошокот во делот на привремени вработувања од 12 000 000 на 9 000 000 со што со самото тоа на крај, при крајот на годината ги набавија тие согласности и се ослободија одреден дел на средства кои може утре да ги користе градинката, а тоа ослободување ако не се оди со нови вработувања, овој износ ќе биде уште понизок и во периодот кој што следи. Исто така се зборуваше и во делот н а прехранбените продукти каде што има зголемување за 2 700 000, меѓутоа гледаме дека има одреден тренд на намалување на цените една работа и друга работа гледаме дека овие финансиски средства во суштина сме ги компензирале со согласностите кои што ги добила детската градинка на неопределено време, а другите трошоци се во делот на ел. енергија, има зголемување за само 100 000 денари и во делот на горива и масла имаме некоиси 20 000 денари зголемување. Така да сметам дека не е фер да само во Општина Кавадарци имаме зголемување и да се плаќа повисока градинка за разлика од секаде низ Македонија. Мислам дека таа работа треба да ја корегираме и да ја вратиме назад заради тоа што има голем број на реакции од родители кои што имаат едно дете, второ дете и навистина му и тоа зголемување му претставува трошок, така да мислам дека треба да ја вратиме цената на она ниво на кое што беше., Ние тука

имавме минатата година дискусија во која што се залагавме сите заедно за бесплатна градинка, па ставивме одредена граница на приход кој што остварува одредено семејство за да биде ослободено и стануваше збор за некаде 150-180 дечиња да не плаќаат партиципација за детска градинка, меѓутоа на крајот не знам поради која причина се промени таа одлука и не што немавме бесплатна градинка за децата, туку и ја зголемивме цената на 2000 денари.
ДИРЕКТОРКА НА ЈОУДГ„РАДА ПОЦЕВА„ ЦАНКА ДОБРИНОВА: Почитувани присутни. Како што можев да забележам сите овие прашања беа во делот на сметката 787. Тоа е самофинансирачката сметка.Прво прашање за патување во странство со оглед на тоа што претходно во делот што беше во короната нигде немавме посетено, ни семинари за јавни набавки, имав тука посета на семинари за јавни набавки и посета на конференции и за воспитувачи и за едукација на моите вработени. Не сум одела сама, заедно со колешки патувањето е направено и со колешката што ми ги спрема јавните набавки. Другото прашање беше во делот на телефонот. Тука ја гледате разликата е голема, бидејќи дел од сметката се плаќа од 903 и од 787 и од 903, од блок дотациите за телефон, меѓутоа тука спаѓаат телефон фиксен, телефони мобилни, интернет, телевизија и сите тие на 9 објекти што ги користиме. Во делот на униформите законски сме задолжени да набавуваме и обувки и униформи. Оваа година набавивме и обувки и униформи на сите вработени и тие што се привремени вработувања и на преку Министерството што сме вработени. Некаде околу 190 или 200 вработени се. Значи на двете години обично набавуваме. Пред таа година ради короната, ради кризата не набавивме меѓутоа оваа година сепак требаше обувки да набавиме, меѓутоа лани набавивме и обувки и униформи. Тука спаѓаат и чизми и заштитна опрема и за мажите и за жените. Друго прашање има во делот на прехранбените производи. Исто така тука е мала бројката околу 1 000 000, меѓутоа имаме потрошено на сметката 903, не само на 787 и од блок дотациите имаме искористено со ребалансот. Во делот на огласи имавме повеќе пари потрошено, бидејќи имаме и огласи. Ние како градинка спремаме се, се што ни е на тендери и затоа ни се тие средства повеќе, а имавме и огласи за вработување оваа година и за тоа буџетот малку ни е повисок, трошоците ни се во делот на огласите.Мислам дека беа тие прашања. На годишна конференција сме биле јас со воспитувачки и на семинар.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Благодарам на одговорите на директорката.Но останува нејасно. Во 2021 година за патување се

потрошени 6000 денари, во 2022 106 600.Значи за 100 000 плус. Образложението беше дека било корона, меѓутоа во 2021 за семинари потрошени 64 000, за 2022 се потрошени 6400 . 10 пати е намалена ставката на семинари. За кавкви патувања се потрошени парите.

ДИРЕКТОРКА НА ЈОУДГ„РАДА ПОЦЕВА „ ЦАНКА ДОБРИНОВА: За какви патувања. Да. Во странство. Патувањата се семинари со колешките за јавни набавки и посета на годишни конференции со воспитувачки. Претходно ние редовно си посетувавме, меѓутоа поради короната оваа година затоа сметката се.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директорке. Дали некој друг има прашање.

ГРАДОНАЧАЛНИК: За завршната сметка јас немам некои прашања, пошто често се консултират директорите и на колегиум заедно со вработените на Општина Кавадарци. Во делот на дискусијата што било издржано, што не било издржано сакам да продискутираме. Општина Каваадарци веќе распишува тендер за пренамена и доизградба на дав клона во с. Сопот детска градинка со две занимални и во с. Дреново, исто така детска градинка со две занимални ми се чине некаде околу 4,5, 5 000 000 денара ќе чини проектираната вредност на тендерирањето и во тие две села ќе добием како по примерот на с. Марена и Возарци детски градинки на самата градинка Рада Поцева, клонови на Општина Кавадарци. Во моментот на дневна основа имаме дечиња, морам да дадам податок се отприлика 900-950 деца на дневна основа. Зборуваме за 21, 20, 19-та. двете годин кои што ги поминавме во корона беа изгубени години, не само за нас, за целиот свет и цело општество, меѓутоа да направиме една споредба и да видиме дека капацитетот на нашата градинка беше 450 деца, сега е 900, 100% зголемување на капацитет и ниту едно дете не чека за во градинка, како што и претходно спомнав. Во делот на она што кажавме дека е економска криза, стабилизирање на цените на енергенсите, горивото и сите работи, јас мислам дека не може тоа да го гарантирате од денеска, меѓутоа ако може да го загарантирате супер. Во делот на замрзнувањето на цените на малопродажните основни артикли, нож со две острици, од економски аспект, затоа што нашата држава е 100% зависна од берза и од увоз на месо, млечни производи, па ај да кажам и јајца и брашно и ред друго над 80%. Тоа замрзнување како што кажав е нож со две острици и ќе видиме како ќе се покаже во идно време, до кога ќе издржи економијата во тој дел како замрзнување на цените малопродажни. Знаеме дека имавме негодување во делот на лебот, во делот на негодување на други работи, меѓутоа тоа ќе го оставиме на централната власт да го решава и дај боже да можеме ние да имаме поевтини и поквалитетни артикли. Доколку детската градинка има заштеди по основ на примањето од основни партиципации од семејствата, еве јас ја задолжувам директорката да направи анализа за јануари, февруари по новите цени, може да го почекаме и март, да биде 3-месечен квартал. Ако има заштеди по тој дел,

да легитимно е да разговараме тука и да видиме во кој правец ќе се движи, дали ќе ја намалуваме партиципацијата или ќе одиме на модернизација на самата градинка, досоувршување на објектите и подигање на нивото на згрижување на самите деца. Имаме тука простор и можност многу, не ни е нивото на највисоко, не е на најниско. Имаме простор да ги подигниме условите во самите градинки, така да тие средства никој ниту дома ќе ги однесе, ниту непродуктивно ќе ги потроше во делот на функционирањето на самите градинки. Во делот на она што го спомнавте како забелешки за униформите, за ПТТЕ услугите и сите работи мислам дека тоа ви се одговори и немам намера да ја оправдувам во тој дел. Сигурно си има закон, си има план за јавни набавки и треба да си одговара пред законот за сите работи кои што ги спровела и би ги направила, а верувам дека се транспарентни. 200 речиси вработени во Градинката Рада Поцева , ако земиме на 950 деца, ние треба да вработиме уште 40 лица да ги исполниме нормите законски според чувањето на деца јасли и деца до предучилишно образование со тоа што има критериуми и норми за едно дете колку треба хигиеничари, колку треба негуватели, колку треба воспитувачи. Прашањето се поставува тука и мислам дека треба да биде и барање од директорката, не знам зошто не го бара и досега или не го спомна, имаше шанса да го спомне сето тоа, во делот на логопеди . Во делот на пружењето на социјална категорија на самите деца, тука сме слаби како предучилишно образование, а тука е моментот каде што треба нашите деца да им помогниме да можат да се исправат за да бидат спремни за основното образование. Најмалку нас ни требат двајца до тројца логопеди кои што ќе ги задоволата потребите на градинката, според анализите што ги правевме Директорка и јас предлагам да покрените една анализа која што ќе ја направите и промена на самата систематизација во градинката, врз основа на дечињата кои што се упишани, возраста и диспензираните клонови кои што ги имаме, вклучувајќи го и Дреново и Сопот во најбрз можен рок за 3 месеци, што е неминовно и потребата на самата градинка за да тие дечиња од предучилишното образование, покрај тоа што ги згрижуваме, ние работиме со нив и тие некои недоследности кои што се во рамки на можностите на градинката да се исправат и да дечињата не бидат со некаков било каков хендикеп или било какво нарушување на нивниот понатамошен развој. Среќен сум и горд сум на тоа овие 5 години и да не се подречиме, не сме имале проблем ниту со едно дете, не сме имале проблем ниту со еден вработен во делот на предучилишното згрижување, дали е тоа негувател, воспитувач, дали е тоа раководител. Значи нашите дечиња се примени, згрижени и нормално третирани соодветно на една институција која што се грижи за згрижување на деца. Тоа се позитивните моменти што сакам да ги укажам и за крај пак ќе кажам анализа тромесечна на наредниот Совет, по завршувањето на март месец. Доколку се акумулира, пак ќе потенцирам средства, кои што се надвор од нашите трошкови, а стигнуваше до позитивна 0, целото тоа да го ревидираме и да направиме

комисија како што ја направивме и не успеа комисијата или пак заеднички разгледувајте го на Совет и легитимно право е да ние ги намалиме, ги зголемиме цените или било како, јас не верувам дека има потреба да се зголемат во моментот, а за намалување ќе каже самата анализа. И не заборавајте дека нашата градинка е склоп на Општина Кавадарци и присуствува на сите можни јавни настани, поготово организирани од МТСП, а тоа се чести настани каде што нашите раководители, дел од воспитувачите, директорката се поканети и во Скопје во Министерство и секаде и секогаш одговориле на покана, а поготово на делот на подигање на стручноста на кадарот кој што треба да го даде најсоодветниот третман на децата според нивната возраст .950 дечиња згрижени во еден момент е на ниво на општина од 100 000 жители. Општина Куманово има 100 000 жители евидентирани, а има капацитет од 670 за да се згриже. Општина Кавадарци на 37 500 жители има капацитет од 950, односно извинете 1150 дечиња за згрижување, а 900 до 950 дечиња на дневна основа стигат во нашата градинка и од оправдани причини, дали здравствени, дали објективни, а не се присутни во делот на самата присутност во делот на згрижување. Јас би ја охрабрил директорката да продолже со истата тенденција на работа и со менаџирањето на кадарот во самите градинки и со правење на анализа и од самите родители, од нивното задоволство и од укажувањето на децата и од укажувањето на родителите за каков е пристапот и дали е соодветен третманот во нашата предучилишна организација Рада Поцева. Јас мислам дека е на задоволително добро ниво и да продолжиме во тој правец да движиме со цел подигајќи ги квалитетите на самата градинка по однос на она што можеме да постигниме стручност, компетентност и помагање на самите дечињата кои што се во таа училишна организација.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ова со анализата не мора да се мачите директорке, знаеме како на крај ќе заврши, од сите анализи кои што ги правиме со препорака дека не треба да се намале цената, мислам јасно ни е на сите. Анализата ја имаме и тука. Се гледа дека одредени средства од привремени вработувања се ослободени, се компензирани со зголемен трошок за храна, така да самите изговори што ги споменувате кога ја гласавте одлуката за менување на цената на детската градинка, беа неоправдани. Тоа се гледа по финансискиот извештај. Нема потреба да правиме анализи, може уште утре да гласаме одлука за намалување на цена на детска градинка .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. Кој е против. 6.

17. Годишна сметкана ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на ставам на гласање. Кој е за. 13 за. Против 5.

18. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

19. Годишен Извештај за работа на 2022 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 21 точка. Едногласно.

20. Годишна сметка на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

21. Годишна сметка на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

Мусе заблагодарувам на менаџерите и на раководителите на нашите јавни општински установи.

22. Годишна сметка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци; и
23. Годишен Извештај за работа на 2022 година ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Почитувани оваа точка е за работата нашето ЈП Комуналец, како и првата точка сметката за 2022 година, сакам да ја отворам јас со мое гледиште и со дискусија.

Почитуван Градоначалник, почитувани советници, почитувана администрацијо, почитувани граѓани на Општина Кавадарци моето излагање околу Годишниот извештај за работата на ЈП Комуналец Кавадарци и Извештајот за сметката и реализираната обврска од ЈП Комуналец Кавадарци за 2022 година, донесена од тамошниот Управен одбор ќе ја разгледам во мои 3 дела. Тоа е првиот дел ќе се задржам околу еколошките аспекти на начинот на функционирање и добробитот на тоа ЈП за Кавадарчани. Вториот дел на моето излагање ќе биде околу оперативните негови работи и начин на функционирање и третиот дел би го посветил на вработените во ЈП Комуналец кој несебично во текот на минатата година дадоа се од себе за Кавадарци денеска да изгледа така како што е. Ќе почнам по ред. Кавадарци денес е еден од најчистите и најзелените градови во нашата држава, со најздрава вода за пиење и околу 90% решена атмосферската канализација. Тоа е

благодарение на ЈП Комуналец на годините кои се пред нас, благодарение на грантот од КФВ Банката, Кавадарци е едно големо градилиште и начин на функционирање, кој секој ќе позавиди зошто е тоа така. Речиси да не можиме да забележиме неисфрлено ѓубре во градот на било кое место. Кавадарци во текот на минатата година не успеавме да го видиме една ден без вода за пиење. Голем респект и голема благодарност до актуелниот менаџерски тим. Во однос на тоа како ЈП Комуналец на претходната седница на Совет го има анализирано и начинот како го има функционирано за 23-та година средување, пред се со износот на смет, би го пофалил дополнителната набавка на две нови ѓубрарки за 23-та година. Колку за наша информација и за информација на жителите на Општина Кавадарци од 1-ви март 2023 година ќе се изнесува ѓубре во Брушани, Ресавски Залив и останатите села во Поткожувјето, каде што досега не се исфрлаше смет. Тоа е голема добивка. Тоа е голем добробит на лицата кои имаат викендици и кои гравитираат во тој регион. Во однос на вториот дел од моето излагање за тоа како оперативно функционира ова ЈП Комуналец. Би го поздравил начинот на работа во 2022 година, а тоа е следново. Од сопствени резерви изградбата на фекалниот колектор, тоа е 600 м. фекален колектор Ф800 кој до петок треба да заврши. Тоа е на улицата Видео Смилевски Бато, со мостот кај ромската популација или Тенеќе Маало. Ниту едно претпријатие од јавен карактер во нашата држава нема изградено од сопствени средства ваков крупен проект. Немаше урбана заедница во градот каде не се изврши било каква реконструкција, колку за потсетување 10 км. канализација во 2022 година, исто толку водоводни односно околу 400 м. водоводни приклучоци на вода од кои 250се само во Брушани за нашите жители кои имаат викендички во тој дел. Во 2023 година според информација од менаџерскиот тим се предвидуваат околу 500 нови приклучоци што е апсолутно за поздравување. Ќе ја поздравам и соработката со Германското друштво каде што се планира инвестиција на околу 300 паметни водомери. Воедно ќе ја искористам и оваа прилика да го пофалам менаџерскиот тим токму за нивната идеја за инсталирање на фотоволтаици со сопствени средства, објекти кои се под општинска капа. Во следната недела започнува реконструкција на улицата 27-ми Март во Глишиќ. Тоа е околу 500 м. канализација од сопствени средства, а се завршува и канализацијата на улица Домовица со околу 150м. За да сето функционира ЈП како што е према комплетните жители на Општина Кавадарци да биде нивен сервис, не може да ги изоставиме и не може да му бидеме неблагодарни

на нивните вработени. Токму во тој правец последниот дел од моето излагање ќе го насочам токму кон вработените на ЈП Комуналец Кавадарци за 2022 година. Почитувани советници на вработените во ЈП Комуналец за 2022 година се дадоа 38,5 000 000 денари повеќе средства во однос на 2021 година или тоа дополнително изнесува по околу 90 000 денари на работник по годишно ниво и тоа по основ на 10% покачување на плата на сите вработени, исплата на К-15 во висина од 18 000 денари, исплата на новогодишен надоместок, 13-та плата во висина од 32 500 денари по работник. Ако знаеме дека поголем дел од работниците во ЈП Комуналец се општи работници со основна плата од 21 000 денари, тогаш надоместокот што ќе му се исплати на таа структура на лица, општи работници изнесува некаде по една и пол плата по работник на годишно ниво. Воедно сакам да го поздравам и редовното исплаќање јубилејни плати на 10, 20 и 30 години работен стаж.Се исплаќаат ноќни часови, прекувремени часови, работа во недела, бенифициран стаж на сите оние кои му следува законски таа обврска. На сите оние кои се пензионираат им се исплаќаат 3 просечни плати, некаде околу 96000 денари по работник кој се пензионира.. Почитувани советници не можеме да зборуваме за продуктивен работник за 18 000, 19 000, 20 000 или 25 000 денари плата. Да не се лажеме, македонскиот и кавадаречкиот работник е продуктивен и во Македонија и надвор, ама надвор е малку попродуктивен, бидејќи таму е достоинствено платен и затоа нашитеработници градат туѓи економии во изминативе 30 години station наназад. За да биде некој продуктивен прво треба да го платите и да му овозможите здрави и безбедни услови за работа. Тоа што за жал наназад во изминатите 30 години веќе се помалце го нема во нашата држава. Почитуван менаџер на ЈП Комуналец, почитувани присутни сакам да ви се заблагодарам како Претседател на Совет за изминатата работа, пред се Извештајот за годишната работа на ЈП Комуналец. Продолжите во таков правец за добробит на нашите граѓани. Нашите граѓани тоа го гледаат, а во секадневната комуникација со вашите вработени, начинот на нивниот статус во тоа ЈП можам само да ви упатам од ова место едно големо благодарам.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас ќе зборувам првен за Извештајот секторски. Врз основа на извештајот и она што го имавме како фактичка состојба во текот на целата година е забележано и од бројот на голем број на дефекти оваа година, посебно во летниот период кога на граѓаните, мислам кога е најголема потрошувачката од страна на граѓаните на вода. Што значи тоа и зошто се тие

дефекти појавувани, посебно оваа година не знам. Веројатно како ЈП треба да си испитате колку вие и дали вие системот кој што го имате на користење колку ви е спремен да трансферира вода до граѓаните без овакви прекини. Друга работа во делот на канализацијата. Не можам во овој Годишен извештај да не спомнам дека минатата година имавме два така да кажам малце посилни дождови кај што целиот градбуквално ни беше во незавидна состојба најден и поплавен. Сметам дека соодносот и покриеноста на атмосферска канализација во однос на вкупна километража на патишта и улици во градот, мислам дека е несоодветна, отсуствува атмосферска канализација посебно во овие рурални делови кои што при овакви дождови имаат уште поголем да кажам проблем. Во делот на Јавното Зеленило постојано во сите извештаи напоменувате дека Јавното Зеленило се зголемува, но факт е дека оваа година имавме и сечење на неколку дрвореди низ градот и тоа посебно во централното градско подрачје. Имате проблем во изградбата на улицата над Гимназија кај што еве веќе неколку месеци е раскопана, истата не е санирана и има доста реакции од граѓаните во однос на брзината и начинот на кој што се изведуваат работите од ваша страна. Тоа е во рамки на проектот од КФВ Банка. Имате намален дел на фактурирање на м3 вода и тоа кај правни лица за 40 000 м3 вода намалено, а кај физички лица за 87 000 м3 намалување на фактурирање на вода. На што се должи овоа. Ние минатата година, не бевте вие директор, меѓутоа и со претходниот директор постојано разговаравме за овие загуби на вода кои се случуваат во ЈП. Тој постојано тврдеше дека се работе, дека се санираат дефекти, меѓутоа гледаме дека во овој дел имаме намалување на делот на фактурирањето на вода што значи дека немате контрола на тој процес. Друга работа која што сакам да ја споменам, а првен се однесува и во самиот дел на приходите кои што ги оствaруваме. Значи ние, мислам мнозинството овде по предлогот ваш изгласа во кризна година зголемување на цена на вода. Ја ставивме цената на водата на највисока граница, на 3 денара, минатата година и плус 1 денар кумулативно, 4 денара граѓаните плаќаат повисока сметка за вода во однос на минатата година, месец јуни, кога пред да ја зголемиме цената на водата тогаш излегувавте овде сите и тврдевте дека претпријатието е во тешка состојба, дека потребни му се финансиски средства, дека тоа е нешто што е неопходно да се направе, а од друга страна гледаме дека во кризни години исплаќате новогодишни надоместоци, после тоа си зголемувате плати внатре во фирмата ајде за вработените не сум против, меѓутоа за

менаџерите,сега не може директор на Комуналец да зима повисока плата од премиер. Не е можно тоа. И сега ние во една таква ситуација каде што ја зголемуваме цената на водата за граѓаните ние си зголемуваме плати на менаџерски тим и им даваме 11 000 000 денари за новогодишен надоместок плус заради тоа што ви се рачунат како непризнаени трошоци плус имате уште 1 000 000 денара. Значи вкупно новогодишен надоместок ве кошта 200 000 евра кои што сте ги исплатиле на вработените, а претходно сте тврделе дека самото претпријатие работе во загуба, дека е тешка состојбата, дека треба да се зголеме цената. Па ние се сеќаваме и претходно колку пати сме зголемувале ставки во делот на сметка за комуналии, па граѓаните да плаќаат 1300, 1400, 1500 денара сметки за комуналии што сметам дека е исклучително високо.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, советници, медиуми. По однос на излагањето на советникот би го кажал следново. Точно е тоа во 2022 година дека имавме две поплави, за кои бевме сите сведоци на нивниот обем. Тие две поплави, самото нивно поплавување и штети што ги предизвика се одразија директно на работењето на ЈП Комуналец, што значи имавме додатни ресурси уклучени во чистењето на последицата од тие поплави. Значи имаме многу запушени канализации, кои што наносите ги донесоа во самите канализации, песокот, имавме дворишта и ред други работи кои се случуваа тој период. Значи имавме активно многу луѓе, имавме машинерија нели и имавме цистерни за миење на сето тоа. Тоа сето не кошта, тоа е во однос на сето она што го спомнавте за работењето на ЈПП.Во однос на дефектите што ги спомнавте дека се зголемени, тоа вие што го гледавте не се дефекти, него тоа....... на сите улици каде што беа раскопани, не можеме да правиме ние приклучоци ако водата ја соприме. Во однос на приклучоците кажете кои дефекте се случени, значи цело тоа работење на дефектите се однесува на новите приклучени по КФБ Програмата. Тоа се однесува на сите улици кои што ги спомнавте. Друго работењето по КФВ Комуналец нема никаква ингеренција према тоа. Значи КФВ си учествува со нивни избор на работа како нивен изведувач, ние само сме логистика. Значи динамиката на работа си ја одредуваат тие самите и тие си одат по нивна динамика однапред одредено и тука е завршено. Што се однесува за намалената наплата ќе ви го кажам тоа, сите знаете во однос на правни лица што се минусните 40 000, 31 000, 32000 ни доаѓаат само од неработењето на Фени. 3 месеци Градоначалникот знае, кажа тука дека првите 3 месеци не

работеше Кожувчанка заради ремонти, немој да заборавате, тоа се случи сето во 2022 година. Ете ги тие минусни м3 на вода. Што се однесува по однос на физичките лица, физичките лица ние имаме некаде околу 12 500 корисници, од кои што околу 2000 се ставени во мирување. Зошто се ставени во мирување треба сите да се запрашаме. И каде ни одат младите и дали имаме иселување и дали немаме и зошто се ставени. Од тие 2000, 236 се правни лица, 1429 физички лица, 338 се дуќани. Значи ете го и тоа негативно салдо од каде ни доаѓа во физичките лица. И тоа е објаснето. Платата. Менаџерската плата не е зголемена. Јас имам менаџерска плата доделена од Општина Кавадарци. Кога имаме зголемување на платата јас немам зголемување. Зголемувањето се однесува само на работниците и другите структури. 2022 година по основ на минимална плата имаме зголемување и по основ имаме уште едно зголемување по основ нели на Синдикалните одлуки кои што беа донесени исто на ниво на Влада имаме две зголемувања. Тие две зголемувања ЈП Комуналец го коштаат 19 000 000, отприлика. Што значи тоа. Дека вработените за разлика од 21-ва година добиле по 5000 денари зголемување. Ако ги поделиме тие 19 000 000 на 12 месеци, на месечно ниво секој вработен добил зголемување некаде по околу 5000 денари. Дали вие сметате дека тие 5000 денари се премногу за работењето на вработените во ЈП Комуналец. Зборувам за работниците. А тоа што е поделено К-15, К-15 е исто по одлука, 60 % минимум минималната од просечната плата. 18 000 денари к-15 на вработените се даде. И тоа е по закон. Единствено ако замерувате за новогодишниот надоместок што се подели на сите вработени. Е сега ќе ве вратам малку назад зошто се подели. Од 15-20 та Седница 2022 година јас на 3, 4 наврати излегував тука и ви зборев на сите дека ние правиме огласи, а не се јавува никој за износ на смет. Сите сме сведоци за тоа. Така беше. Зошто го направивме ние воа. Со зголемувањето на оваа плата што ја дадовме сега 13-та плата или новогодишен надоместок сега кај мене секој ден има по 5 души има кај мене што барат работа. Се сопри оноа бегај од работа, иде една недела и си оде од работа, не сака да фрла ѓубре, не сакат да пометуваат. Старосната граница на пометувачи, на косачи на трева ми е 55 години. Колку можам јас да оптеретам еден 55 годишник од кои што сите си имаат индивидуални проблеми, секој има срцеви мани, шеќер и не знам уште што. Колку можам да го оптеретам, а од друга страна викаме дека само во 22-ра година за 20 000 м2 ние ги зголемивме зелените површини. Па тие зелени површини нели треба да ги косе некој, нели треба да ги ваде некој, нели тгреба да ги

одржава некој. За да ни биде на сите убаво, ете од таму се тие трошкови за ЈП што ги спомнавте. И друго што уште беше. Значи тоа се тие трошкови во ЈП Комуналец и јас сметам, а не имаме таму и еден дел зголемување по основ на прегледите. Тие се на трите години задолжителни и ние мораме да правиме прегледи. И уште една точка што влијае на тоа зголемување. Тоа е на пр. овие сите луѓе што си одат од работа, идат за една недела ние мораме да му направиме здравствен преглед, ние мора по Закон за безбедност на работа мораме обука да му направиме, која што нас не кошта. За една недела и си оде. Е сега веќе во оваа година сега за сега го немаме тоа, немаме одлив на работна сила и луѓето си ги задржуваме сите на своите работни места. Нашата тенденција е понатаму да можеме што повеќе млади да вработиме. Се знае ефикасноста колку е на еден млад човек, се знае ефикасноста колку е на човек од 50, 60 години. Толку.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Со одлуката која што ја донесовме на Совет приход од наем кој што остварувате од МХЕЦ Лукар ви е за 20 000 000 повисок од претходната година така.18. 000 000. Значи за 18 000 000 зголемен приход од страна на тоа што Мини хидроцентралите кои се во сопственост на ЈП излегоа на отворен пазар и заради зголемената струја остварило самото ЈП 18 000 000 денара повеќе. Ако сме оствариле 18 000 000 денара повеќе зошто сме ја зголемувале на граѓаните цената на водата едно прашање. Втора работа ако тие 18 000 000 апропо минатата седница, кои што ги остварило ЈП, кој што е зголемен приход на средства, ете ви финансиски средства, врз основа на кои ќе може да инвестирате во опрема и во капитал на ЈП. Минатата седница на Совет ја немавме оваа пресметка и зборувавме сите дека тоа е единиот начин да се набаве. Не е едини начин, еве ви начин. Сте направиле 18 000 000 повисоки приходи, сте можеле да ги инвестирате таму. Не сте ги инвестирале таму, сте ги дале за 13-та плата на вработените, а летото не убедувате дека ЈП се наоѓа во лоша и во незавидна состојба. Ми одговорите во делот на правните лица, зошто е намалено фактурирањето, меѓутоа во делот на физичките лица не моеже да ми одговарате со тоа излева дека граѓаните масовно си заминуваат од Кавадарци, па што имаме толкаво намалување, а вие постојано имате нови приклучоци за вода. Значи по некаква си логика треба да биде зголемено фактурирањето на вода, а не да имате плус загуби помали од претходната година.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Значи вака. Не се согласувам со вашата изјава. Зошто. Новото броило не значи зголемена потрошувачка на вода. Од каде ви е тоа, ако имаме ние

зголемен број на броила, дека имаме зголемена потрошувачка на вода. Потрошувачката на вода се гледа од фактурирањето. Ако ние немаме фактурирање, од каде ќе имаме ние повече средства. Не ви држе таа логика. Значи фактурирањето е онаа реална кубатура која што е потрошена и таа се наплаќа. Ние имаме х луѓе сега ќе ти ги набројам мои пријатели и твои што имат купено станеви, не седе во станот, има приклучено вода, станот е празен. Како ќе наплатам јас кога нема потрошувачка, а броило ти се воде. Затоа ви кажав дека ние имаме околу 2000 водомери во мирување. Во тие 2000 спаѓаат и овие нови, меѓутоа спаѓаат и тие што се делимично исклучени. Дали сум јасен сега. И затоа е тоа намалено. Тоа е таа намалена потрошувачка. И друг сегмент имаме тука. Луѓето станаа свесни веќе. Казанчето му тече со вода, го сопира, си го поправа, купува ново и ја намалува потрошувачката на вода, дефектите си ги поправат. Ако претходно имало протекување, сега веќе нема протекување и по таа основа се намалува. Значи штом збориме за фактурирана, тоа значи потрошена вода во кубатура. Штом нема потрошена вода фактура, тоа е тоа фактурирањето е тоа. И процентот на фактурирање го имате таму на крајот на табелата.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Еве ги овие пресметки кои што сте ги правеле. Околу 130 000 м3имате пад во делот на фактурирање на вода во однос на претходната година. Ние и минатата година зборувавме дека загубите на вода се големи кои што ги праве ЈП и директорот сам ни ги пишуваше во извештајот колку изнесуваат тие. Оваа година директорот претходно не убедуваше сите нас дека се работе, дека се стават нови приклучоци таму каде што немало и по некаква си логика ка го зголемувате бројот на заклучоци , значи регулирате одредена работа која што претходно не била регулирана. Со самото тоа што на пр. пишите тука дека одредени лица кои што направиле прекршок и ја злоупотребувале оваа работа, треба да имате зголемено фактурирање на вода. Вие ни давате нас образложение дека е тоа заради тоа што граѓаните се иселуваат. Ни имаме конкретна бројка колку се такви граѓани, колку семејства се празни, немаме таква бројка, а вие тоа го давате како главен изговор за да ни образложите зошто дел од фактурирање на вода е намалено за 130 000 м3. Еве ова за Фени го прифаќам, го прифаќам дека е така и за другата фирма прифаќам дека е така, меѓутоа во делот на физичките лица имате намалување. И тоа сериозно намалување.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Гледајќи го Финансискиот извештај за работењето на ЈП Комуналец за 2022 година се гледат бројки, кои покажуват позитивен финансиски резултат, а јас сакам да напоменам

некои работи, кои што и бројки за кои што треба да се обрне внимание и во текот на 23-та година, пр. трошковите за резервни делови се намалени, но не толку колку што треба да бидат. Јас сакам да иницирам од вас како раководство да се најде начин, пошто ЈП работе со добивка, да се најде начин за обновување на возниот парк на ЈП со нови возила и дајте да стане ЈП едно современо претпријатие кое што ќе има нов возен парк и ако амортизацијата на тија возен парк е 5, 6 години книговодствено, не може вашите возила да бидат по 20 и повеќе години стари. Дајте направите план, предложите го и постепено да се обновува и таа ставка за трошкови за резервни делови да биде многу мала една работа. Второ. Разговарав и на комисиите, а и на претходните совети да се најде начин за заштита на животната средина, за екологијата. Дајте сите тие што стварат диви депонии, казните ги, ако треба одлука на Совет, да донесиме одлука на Совет да не бидат дупла повисоки, туку да бидат 5 пати повисоки, оти тие истите кои што прават така диви депонии, кои што не ја заштитуваат ж. средина, го фрлат сметот каде и да е, кога ќе отидат во западните земји, тие истите се толку примерни, затоа што казните биле големи и кога ќе донесиме одлука за зголемување на казните, инспекторите што се за ж. средина по ваши пријави и наши пријави до нив средствата кои што ќе ги прибира од тие казни да ги намениме за на пр. некои од овие фондовите, Претседавачот што спомна за ученици ли, за некои сиромашни фамилии. На тија начин да се работе. И трета работа директоре. Имаме некои забелешки од висината на цената за иснесување на смет во руралните средини и истите кога ги добиле првите белешки, гледат некоја нерамноправност. Некој иако има поголема квадратура, не ги користе куќите, а плаќа големи сметки, некој и да сака да плате повеќе го користе просторот, праве смет, да се најде начин во разговор со нив и да се најде некоја друга формула кај што тоа ќе биде поедначено и реално јас и минатиот пат кога беше оваа точка на Дневен ред за висината на цената на изнесувањето на смет, го спомнав реално секој нека плаќа, а не некој да има превисоки сметки, а некој да има премалку од тоа што смет праве. Сакам да си формирате своја комисија да го преиспита тоа, а ние сме тука советниците се во интерес на граѓаните да донесиме ако треба и друга одлука, која што ќе ги задоволе желбите и можностите на тие граѓани што живеат во руралните средини.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Во однос на работењето, она што го спомна околу поправката на механизацијата, јас сум горд да кажам во вија момент дека ние имаме

заштеда само на тој дел 1 600 000 денари, по основ на исправност на возилата, заштеда во тој дел и покрај да не заборавиме сите дека имаме минимум 50% покачување на резервните делови. Значи таа заштеда е многу поголема него 1 600 000 што ја гледаме. Имаме 1 000 000 денара намалување на трошкови од услужни дејности, односно од оние фирми кои што зависиме, дреарски услуги и ред други работи. Значи тука имаме намалување на трошковите што значи дека ЈП Комуналец се движе во добар правец и има домаќинско работење. Тоа е основниот показател за работењето на Комуналец. По однос на забелешката за износ на смет . Значи тоа си е одредено нели, донесено е тука на одлука цена на чинење и ние се носиме по таа одлука. 0,5 денари со 1 денар покриен простор и дворно место, меѓутоа не повеќе од 160 м2 . Не е проблем има простор секогаш за разговор, но мора да се седне и добро да ги направиме пресметките точно за каде станува збор, за што станува збор и ќе нема проблем.
СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас реков да се направе наново пресметка и со луѓето да се седне, да се разговара и сакам тоа да биде така. Се да биде во интерес на граѓаните. И друго што не спомнав, а сега сакам да ви спомнам дали имате план и вас да ве прашам за обнова на Водоводот Лукар што е, од Лукар до Кавадарци. Колку што имам информација тија е стар повеќе од 40 години, 50, колку е . Дали се планира нешто за тоа и граѓаните се интересираат. Во случај на некој поголем дефект ќе страдат 3 општини, ако има дефект, сакаме да бидиме сигурни и ние како советници и граѓаните дека такви работи на тија далновод нема да стане ради старост, застареност.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: По однос, ние имаме редовно одржување со кое се грижиме на исправноста главниот цевооводен систем, меѓутоа имаме предвидено нелие ние и периоднично испитување за состојбата на цевководот на целиот систем, од извориштата до град Кавадарци. Значи го следиме тоа и ќе биде презентирано, а што се однесува на пр. до прегеска што спомнавте за обнова на возилата, значи се работи и ќе видете во план за 23-та година имавме таму одредено средства нели за обнова на возилата, исто што го зборевме и за ризикот сега, исто и тоа е во дејство на обнова на возниот парк на ЈП Комуналец, се со цел нели поквалитетно одржавање и на улици и на износ на смет и за доброто на граѓаните, воопшто на цел град Кавадарци и околните населени места и селата.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани добро е да се направат вакви анализи. Знаете некоја работа кога ја почнуваме, започнуваме со една

тенденција, завршува со друга и тоа е жива материја која што треба да движе. ЈП Комуналец до денеска е во одлична кондиција и ја би го корегирал советникот дека сме рекле дека е на работ на опстанок и дека е заглавено, никогаш не сме го кажале тоа како такво. Добро е да се направе една анализа на ЈП 7-годишна, 8-годишна, 5-годишна па да видиме кај сме. Во моментот јас морам да им се заблагодарам и на сите раководители на ЈП Комуналец по сектори и на менаџерите на ЈП, затоа што ЈП работе со 5 скипа, со еден багер и малтене наликува на една средно голема градежна компанија, не само за одржување, него на голем дел реконструкции, си земаа за обврска од витален карактер со реконструкција на 700 м. на колекторски систем ф 800 цевка што не знам дали имате доем каков е обемот и тежината на таа работа ЈП Комуналец ни од една обврска досега не се оградило и не рекле не. Целта на руралните средини и развојот нивен, јас стојам позади таа работа. Еве за советникот Златев да кажиме мораше да правиме систем на евиденција на наплата на руралните средини. Во моментот се прават нови приклучоци на Брушани, Брушански Залив кои што треба да стигнат некаде околу 600 нови приклучоци, ќе се продолже со иста тенденција на Ресавскиот Залив, Плава, Сина Стена по примерот на Дабниште, по примерот на други населби и во истите населби се воведува и износ на комунален отпад, поготово тоа не е рурална средина Брушани, Брушанско него е посебно место за туризам, а можеби и за стално живеење на некои лица и луѓе кои ќе ги имат примарните услови вода, пат, струја и изработката на канализационите системи кои што ги планираме за 24-та, 25-та да ги работиме, меѓутоа за оние кои се рурални средини тоа се селата од Подкожувјето и поодалечените села ние воведивме систем за евиденција во делот на износ на комунален отпад и водоснабдување на сите села, а и изградба на канализација. Знаете дека лани , односно оваа година, да 22-ра се изгради канализациониот систем во Бошава и сите се приклучија на тој канализационен систем. Се прави план за реконструкција на водоводот Старгово, Ладно Долче, исто така во Бохула се разговара за дополнителна вода и во Чемерско во делот на канализациониот систем и подобрувањето на условите . По евиденцијата да се извадат сите физички и правни лица кои што гравитираат во тие рурални средини се многу малку. Тоа мислам брзо може Комуналец да го извади како анализа. Имаме легитимно право како советници имате, не битно на мој предлог, на ваш предлог доколку согледаме или увидиме да тие рурални средини ги ослободиме од плаќањето на комунални давачки или ги намалиме.

Јас би кажал да ги ослободиме. Зошто. Затоа што сепак нели сме со тенденција на развој на руралните средини. Каков е начинот за да ги ослободиме. ЈП Комуналец мора да фактурира по законски регулативи кои се пропишани, мора по законска регулатива да фактурира, а ние ради значењето на развојот на руралните средини може да дадиме кофинансирање, како Општина, од општинскиот буџет и му ги платиме сметките на ЈП Комуналец , при тоа граѓаните во тој дел на руралните средини да бидат ослободени и стојам позади таа работа, не с е големи средства, можеме да го учиниме тоа, можеме да го направиме, Комуналец нема да направе загуба во тој дел, правејќи ги трошковите за износ на комунален отпад, одржување на канализации и ред други работи, а за Општината нема да бидат значителни средства, веќе имаме евиденција месечно колку се тие средства, а со тоа ќе ја заштитиме максимално целата природа која што ни е најголем благодет од дадена како природа во делот на екологијата, во делот на износот и не стварајќи диви депонии. ЈП Комуналец засега не наплатило за чистење на ниедна дива депонија, заедно го правиме тоа со одговорни компании од бизнис секторот и на руралните средини и на приградските села каде што се случуваат тие диви депонии и мислам дека малтене нема евидентирана дива депонија и нема оставено неисчистена. Така да еве тоа почна пред еден месец за Бошавијата и за селата во Поткожувијето како и тие се во Програмата за рурални средини. Се стави во систем.Видете ги месечните фактури, видете колку пари се тоа, нека се донесе одлука на Совет, да ги кофинансираме и тоа е единствениот начин што ние можеме законски, легитимно да бидеме покриени. Нема легитимно право ЈП Комуналец никого да ослободе без одлука на Совет или без некаков друг начин, да ја изврше како услуга на тие за кои треба да го донесиме тоа тука и мислам дека на наредниот Совет може да го направиме тоа, да си направиме буџет, фактурата на крајот ќе си ја испорача Комуналец према Општината за тие корисници и завршена работа, не е тоа страшно. Се сретнав со еден г-дин повозрасен од Бохула и ми кажа вика Мед не се ваде од една пчела, мед се ваде од сандакот. Сакаше да ми каже зошто добил сметка за Бохула, од 200 денари месечно. Не му замерувам ниту на едно размислување. Услугата нема да ја прекиниме. Мислам дека сите се за тоа да ја вршиме услугата два пати неделно, три пати и еднаш, како има потреба Општината да си ги покрие тие средства за руралните средини, како што имаме исто донесено одлука и за с. Сопот, па Дреново, при формирањето на цените за наплата на комунална давачка на покриен простор во

делот на дворишта дека во селата дворот е ограничен до одредена квадратура, 160м2 , може поседува 1600, 2000 метри, а да плаќа до 160 м2, така да по однос на тоа јас еве нека дадат за два месеци колку се тие средства, ги повикувам на ваш предлог како советници да бидат ослободени граѓаните, од ЈП Комуналец ќе добиеме извештај кои граѓани се тија, од кои рурални средини и ние во нивно име фактички ја плаќаме сметката во ЈП Комуналец. Тоа е единствениот начин што треба да го направиме, пред тоа имајќи евиденција законски да бидиме максимално покриени, а и услугата да не сопре тука. ЈП Комуналец работе со една многу голема динамика и со повеќе од 20км со сопствени ресурси праве реконструкции. Не беше пракса тоа во изминативе години, не беше пракса да има 4 скипа на располагање, два булдужера, повеќе камиони, кипери на располагање, да врши тампонирање , да врши и крпење на дупки и ред други работи кои се потреба на граѓаните. ЈП Комуналец во било кој сегмент е на завидно добро ниво од сите други претпријатија во Р.Македонија, па да не кажам, а и ќе кажам сме подобри и од Водовод Скопје . Притоа покрај тоа што Водовод Скопје има 35 денара по м3 вода, а ние имаме 18,5 денара или 19 денара за м3 вода, да благодет се централите, благодет е што испаднавме на слободен пазар, спомнете ја, благодет е и Петтата Хидроцентрала која што ја пуштивме 22-ра година во работа. Една година работи. Сега во моментот работат на проекти кои што со одлука на Совет ги дадовме кровните реконструкции на неколку јавни и образовни институции, да се направат проект и да се тендерира проектирање на 1 mw инсталација на фотоволтаици МХЕЦ да има дополнителни приходи како гранка од Комуналец во делот на производство на ел. енергија. Тоа е начинот да ние ја сочуваме цената на водата на комуналниот износ на отпад и притоа да не му ја зголемиме цената на граѓаните. Не заборавајте дека месец и пол заедно и со мене и со Градоначалникот од Росоман и со тамошниот директор на ЈП Комуналец и со нашиот и со сите наши раководители го решававме проблемот за Росоман. Испаднавме максимално во пресрет и го решивме. Знаете кој проблем беше, банален проблем меѓутоа ни требаше месец дена да го детектираме, да го најдиме пошто станува збор за 10, 12 км линија. Не заборавајте дека Неготино ни е соседна општина, а сеуште има рестрикции на вода и има необновена водоводна линија. Кавадарци 2018 со моето доаѓање од претходните менаџери и градоначалници 80% е обновена водоводната линија градска, наследивме една добра прикаска во водоводната линија, ги подобривме делумно условите и имаме скада систем меѓу

ретките општини каде што притисокот и во долна и во горна зона и во средна зона е усогласен и секаде имаме квалитетен притисок на водоснабдување на сите жители на Општина Кавадарци. Ретка е таа работа. Би го спомнал проблемот со Штип. Штип направи нова водовводна линија лани, 2 месеци Штип имаше проблеми и без вода остана преку ден. Се што е ново и правиш знае да има слабости. Имаме добар систем, одличен систем, колекторскиот систем го решивме, канализационата мрежа ја решаваме. Единстевена работа која што ни е во тенденција за развој, а остана занемарена , не занемарена него во делот на она што го пратиме како трендови на Светска Банка, на ЕБОР, на Министерството и на Владата сега се насочуваме на канализациони системи, канализационен ситем за Брушани, со тоа ќе го заштитиме Тиквешкото Езеро и цела екологија, канализационен систем за Чемерско, канализационен систем ќе се догради на Бохула уште еден крак, канализационен ситем за Моклиште до 12-те деца вклучувајчи го со колекторски систем комплетно, а тоа ќе биде грант кој што пак ќе го земиме преку Министерство за транспорт и врски од 50 000 000 евра преку Светска Банка што го зима државата. И сега после Вуко ќе каже и канализацијата ви ја направија. Абе во ред е тоа. Значи тие се тие пари кој што треба некој да ги потроше. Тие пари нема да ги земам јас, ниту некој друг. Тие пари се зимат врз основа на број на жители и сразмерно споделување и тоа е еднаквост и тука нема лудба, тука не се лутиме за таа работа , кога врз основа на број на жители, врз основа на број на територија, врз основа на број на општина, Центар не му треба канализација, Општина Центар е сконцентрирана општина каде што буквално нема проблем у делот на канализациона мрежа. Општина Центар нема села од 500 км одалеченост ако ги изброиме сите патни правци кои што ги поседуваме и ги одржуваме итн. Нема да ги заборавиме руралните средини, напротив ќе ги развиваме со една максимална динамика и со максимална работа што треба да ја вложиме, а тоа мислам дека во Програмата за 23-та година добро го гледате ќе се изграде не само од Комуналец туку и од други работи. 38 000 000 денара се одвоени само од буџет. ЈП Комуналец во делот со атмосферската канализација токму 2,5 000 000 евра ги насочи таму каде што сме најслаби. Најслаби бевме во атмосферската канализација и проектот е од 84-та година. 84-та година имаме идеален проект генерален, со разработка на потпроекти и доусовршување на атмосферската канализација и ќе ги спомнам од Капелата со улица Вишешница, опфаќајќи го кракот на Бел Камен и Југо Комерц комплетна нова атмосферска од F 1000 по должината на улица Вишешница, Мито

Хаџи Василев, 7-ми Септември главното централно јадро. Верувајте тоа не беше лесна одлука да ја донесиме и да отпочниме да работиме. Втората атмосферска канализација Бел Камен до Макпетрол кружниот тек од Макпетрол кружниот тек продолжуваме со приклучок на делот на атмосферската. Третата од Гоце Делчев школото, завршува преку Булевар Македонија, Цветан Димов и до реката доле. Тоа се двете клучни F1000 огромни атмосферски канализации. Марена, сами знаете сведоци сте поголеми поројни дождови, движејќи се накај Неготино, после Марена дека секогаш има поројници, наноси на вода и поплавување. Таму се решава со атмосферската, водоводната и канализационата мрежа, исто од 12-те Деца населбата одиме накај Ваташа и исто го решаваме од Ваташкото игралиште до Ваташа канализациониот систем. Значи кога ќе земиме се што работе Комуналец со сопствени ресурси. Директорот кажа ние на КФВ сме логистика. Да тоа директно влијае на завршната сметка, затоа што имаме 5 луѓе, вклучени во проектот, друго не ги користиме, логистиката на КФВ-от покрај тоа што добиваме грант од 2,4 000 000 евра, ние трошиме сопствени ресурси за дислокација на водоводни мрежи, за да може да помине атмосферската локација, тоа не се дефекти како што кажа директорот, тоа се дислокации на самата мрежа. Морат граѓаните да бидат стрпливи за таа работа, ќе вратиме се во првобитна состојба и ќе биде она што јас би рекол најнеблагодарната работа. Се што работиш подземно, а тоа е атмосферска, канализациона или водоводна мрежа после асфалтирањето никуму ништо и после ќе те прашуваат кај се капиталните објекти. Еве ги капиталните објекти. 2,5 000 000 евра капитални објекти. Ама ако не направиме инфраструктура, немаме ништо. Да се заблагодарам на сите вработени во Комуналец, на нивната транспарентност и отчетност и нескромност при работењето. Прошетајте се низ Македонија, видете ги другите градови во која ситуација се, видливо, очигледно видливо е. Не оставаат ливче на улица, не оставаат корпа и контејнер неподигнат и по подигањето си имаат метличка и си заметуваат.. Нашите луѓе се одговорни и продолжете така Директоре заедно со менаџерскиот тим домаќински, транспарентно, се во интерес на граѓаните и секој граѓанин кој што ќе се јаве во Комуналец или во Кол центарот на 13-300 бројот дали е сабота, недела, полноќ или било кога ќе биде во истиот момент услужен. Нема да чека ни понеделник, ни недела. Затоа се дежурствата и тоа се трошкови кои влијаат на завршната сметка, ама граѓаните си го добиваат тоа во секој момент.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Само на кратко бидејќи бев на неколку пати повикан. Прва работа не се сеќавате веројатно на дискусиите, меѓутоа беше користено како аргумент дека претпријатието се наоѓа во лоша состојба и дека заради зголемување на одредени трошоци потребно е да се зголеме цената на водата. Сега ние можеме да си дискутираме тука, дали е тоа многу или малку, меѓутоа ако сметате дека е малку вратете ја цената на водата назад. И во делот на инвестициите на Владата. Ние не својатаме нешто, само кажуваме за одредени инвестиции кои што се направени во изминатиов период, па граѓаните нека ценат и нека прават разлика како било претходно. И сами спомнавте дека по одредени програми кои што ги дава за капитални инвестиции централната власт, ги дава по автоматизам на сите општини. Значи некои на централно ниво сработил одредена програма, обезбедил финансиски средства и финансирал инфраструктурни проекти на локално ниво. Ние тоа го зборуваме.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Да го искористам присуството на Директорот на ЈП Комуналец. Неколку пати сме разговарале на оваа тема. Чисто нели прашање и информативно до граѓаните кои што се засегнати со тој проблем, ајде да го кажам. Станува збор за неколку викендици, околу 10, 15 викендици во месноста викана Топовите Мушов Гроб кои што немаат водоснабдување . Разговаравме нели неколку пати да пробаме да најдеме начин, можности како тоа би се решило. Директоре дали има нешто поконкретно околу овоа мое прашање.
ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Значи на луѓето што се во тој дел ако имат некое нивно проекче, нека дојдат кај мене, да го видиме проектот, да видиме што е можно, што не, колку може и ако на сите, така и на нив ќе им излезиме во пресрет. Значи да видиме за што станува збор, да видиме одалеченост, да видиме технички карактеристики, што е можно, што не е можно. Нека дојдат кај мене ќе разговараме и ќе решиме.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Го знам барањето во делот на населбата Топовите или како беше наречена. Има барање од тамошните иматели на претежно викендици. Мора да кажеме да не заборавиме дека се дивоградба изградени и опфатени со некој закон за легализација, кои се најтешки за решавање. Е тоа е тоа што кошта и што морам да го спомнам пошто ние како граѓани, советникот претходно убаво кажа вика кога ќе отидиме во Европа страв ни е пикавец да фрлиме, пошто казните се високи или пошто така се однесува населението. Кај нас е проблемот тоа што ние можеме да изградиме и на 2700 м. викендици и викаме треба струја, треба вода, треба канализација, а

притоа никој да не го прашаме и да нема никаква урбанизација во цел дел. Таа е завршена работа, тие се легализирани објекти предходно, повеќе пати е разговарано со директорот. Приклучок од главната линија ние нема да може да им дадиме. Зошто. Затоа што таа линија е заедничка со Општина Неготино пред се. Ако почниме така да дупиме и да ги приклучуваме сите ќе имаме голем проблем и од аспект на безбедност и од аспект на заедничка сопственост, каде што не смееме да ги нарушуваме меѓусебните односи без дозвола на некојси друг. Второ разговарано е со техничките лица и раководителот на Водовод дека таму притисокот е над 16 бари на цевката и не доаѓа никако во обзир да се приклучат директно. Единствен начин за приклучок е од приклучок за Бојанчиште. За Бојанчиште имаме една премерна станица со пумпа која што ја изградивме пред 3 години трафостаница, раководителот работе заедно со директорот на една пресметка што би значело од Бојанчишката станица до населбата каде што се тие десетина куќи, како инвестиција да ја направиме со подолжна линија, подземна да им донесиме вода од истата пумпа што е и за Бојанчиште, пошто има и капацитет. Нема да биде евтина работа, веројатно ќе го ставиме тоа во програма, само да ја видиме пред нас пресметката и ќе ги приклучиме луѓето со вода. Малку треба да бидат стрпливи, пошто станува збор за комплексна ситуација. И пак тука одговорно ќе кажам дека не заборавајте главниот цевковод да, поминува покрај нас, не е таа вода само наша, е во заедничка сопственост со Општина Неготино.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ОРДАНЧО КЛИНЧАРОВ: Само би додал малку само. Од главниот цевковод не иде во обзир, значи се работе за технички карактеристики дали можеме или не можеме да го направиме тоа чинење и како проблем таму ќе ни се јаве приватни катастерски парцели. Значи треба и тоа да го видиме. Дали може, дали ќе дозволе некое нели физичко лице да мине цевка, црево, цревоводи, без разлика што ќе биде. Значи имаме повеќе технички карактеристики кои што треба да ги усогласиме и да видиме може, не може.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: .... 16 бари нема таму. Ние треба со пумпа да влечеме вода. Добро е решението од Бојанчишката линија со пумпа да се довлече вода, затоа што е малку повисоко и е негде близу, а нека си го решат они проблемот со овие приватни, пошто тие сите се од Бојанчиште, нивни луѓе, нивна да биде таа работа, решавање на парцелите кај што мине линијата,и ако ние се договориме приклучок да им дадеме и да им ставиме ископ од Комуналец да си платат и тие

да учествуваат во финансиите.Такво решение за мене е прифатливо и сум разговарал со нив и тие го прифаќаат тоа решение. Да работиме акционерски. Нешто од нив, нешто од нас. Оној тешкиот дел,земјиште и такви работи да биде остварено, се познаваат меѓусебе моја нива, твоја нива, да ти даде согласност да копаш, па утре и тој да има право и на уште еден приклучок тука. На таа проблематика Градоначалник знам дека тоа 16 ти беше нешто друго, 16 бари притисок на највисока точка не може да има. Водата ти ја знаеш најдобро од сите , од доле не е, од највисоката точка.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не е реплика, само дообјаснување. Јас не зборам ништо напамет. Јас го зборам тоа врз основа на податоци од ЈП Комуналец. Од ЈП Комуналец што ќе ми дадат податоци тоа ќе ти пренесам јас на тебе. Единствено техничко решение кое што може да се даде е од Бојанчиште, за да не го нарушиме водоснабдувањето и на Неготино, а недај боже да направиме и некој дефект во тој начин на приклучок.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани дали има други за дискусија или точката да ја ставам на гласање. Бидејќи нема за збор 24-та точка Годишна сметка на ЈП Комуналец Кавадарци 2022 година , донесена од тамошниот УО ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. Повели кој е против. 3 против.

25.Годишен Извештај за работа на 2022 година ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за. Кој е против. 12 за. 3 против. Му благодарам на менаџерскиот тим за нивното присуство и нека продолжат со исто темпо на работа.

24. Годишна сметка на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2022 година, донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Почитувани дали некој бара збор. Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани минатата седница го имавме последниот квартален извештај од работењето на ЈП Паркинзи за 2022 година и тогаш и сега со завршна сметка се потврдува финансискиот резултат на ова ЈП. Значи позитивен 2 500 000 е добивката. Претходната година имаше негативен финансиски резултат и сега тоа е за поздравување, што е со позитивен финансиски резултат , но има нели зголемување на дотациите од Општината што ги дава како средства, помош, субвенции за ова ЈП се на поголем износ, во 2022 во однос на 2021, но секако и без да е тоа зголемување финансискиот резултат ќе биде поголем и подобар, заради тоа што на тоа се работеше цела 2022 година, во проширување на паркинг зоните и во донесување на одлуки кои се во интерес на позитивно работење на ова ЈП. Посебно подобрување на резултатите имаме во последниот квартал, значи во 4-тиот кваратал, што значи дека 2023 година треба така да продолжи и да биде подобра во однос на 2022 со тоа што

значи дека ако продолжиме со тој износ на дотации, а беше потврдено и на претходната седница дека дотациите ќе продолжат како помош од Општината во работењето ан ЈП Паркинг. Тоа значи дека веќе во 2023 година ќе има и поголема добивка, нели зборувавме дека ЈП-ја не треба да имаат добивки, него треба да имаат доволно средства да ги покриват своите трошоци. Тоа дава за право да размислуваме средствата за што ќе бидат потрошени. На минатата седница Градоначалникот предложи дека добро би било да станарите бидат ослободени од плаќање на паркинг услуги. Ние и во нашата програма имавме таков предлог дека станарите не треба да плаќаат за паркин услугите за паркирање на своите возила пред нивните станови, пред нивните згради. Значи со формирањето на ЈП се воведе таква услуга и станарите плаќаа и тоа можеби во почетокот беше неопходно да стартува ова ЈП, но веќе со овие финансиски резултати ние како Совет можеме да донесеме таква одлука и тоа би требало да го направиме во следната година, пак ќе речам да почекаме да ги видиме првите финансиски извештаи од првиот, од вториот квартал, па после можеме да размислуваме и за таква одлука. Исто така во зависност од постигнатиот резултат добро би било да се инвестира во софтвер, значи со кој ќе се подобри работењето, ќе се подобри наплатата, а сето тоа индиректно ќе доведе и до зголемување на самите приходи на ова ЈП, па искрено се надевам дека кон крајот на 2023 година ќе можеме да ги намалиме и цените за сите паркинг услуги, заради тоа што тоа го посакуваат сите граѓани, многу пати тука спомнуваме дека сме град каде што навистина имаме високи сметки за паркинг услуги и веќе посебно по такво работење и поставување на претпријатието на такво ниво. Сметам дека може тоа да се дозволи. Сепак ќе видиме после тие финансиски извештаи. Значи намалување на паркинг услугите без влошување на финансиските резултати на ова ЈП, а тоа ќе биде во интерес на сите и на ЈП и на Општината и на граѓаните.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Против. 4. 1 воздржан.

25. Одлука за промена на седиште донесена од УО донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;;

Дали некој бара збор. Не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

26. Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

28 точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

27. Статут на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од УО на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци (пречистен текст);

Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

28. Информација од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци,

Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

29. Одлука за усвојување на Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

30. Годишна сметка на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ за 2022 година, донесен од УО на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ;

На менаџерите може да им се заблагодарам за присуството за Градски Превоз.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас скам да спомнам неколку работи кои што ги забележуваме и кои што во однос на ова новоформирано ЈП ги имат граѓаните. Првата работа, имавме одредени неусогласувања во делот на линиите, посебно во приградските населби, односно во руралните да кажам средини каде што имавме одредени неусогласувања и голем временски период између она што е тргнување од таму и она што е враќање на превозот од таму. Мислам дека минатиот пат правевме одредени промени на линии, меѓутоа мислам дека таа работа уште не е до крај исправена. Втора работа, одредени граѓани ми се жалат дека постои одредено каснење во однос на доаѓање на јавниот превоз. Сакам да споменам исто така во делот на висината на цената, за која исто така реагираат граѓаните и за кои што дискутиравме и минатите седници на Совет дека истата е превисока и не може на пр. Кавадарци да плаќа иста цена за превоз исто како во главниот град каде што имаме многу поголема површина на сообраќање на самото ЈП и мислам дека треба да одиме со намалување на тие цени и друга работа во делот на вработените во самото ЈП. Значи првичната идеја беше да биде во рамки на ЈП Паркинг, па добивме одговор дека не може да биде внатре во ЈП Паркинг заради добивање одредени дозволи решивме да го направиме ЈП заради таа причина како посебно и да почне функционира така со тенденција да истото се вклопи и да стане дел од ЈП Паркинг, со самото тоа што на почеток би искористувале минимални човекови ресурси, односно да вработуваме луѓе кои се неопходни за функционирање на самото ЈП. Од она што јас го имам како информација е дека на почетокот зборувавме за 8 шофери и за уште еден, двајца администрација, а сега бројката на вработени изнесува 15 вработени и повторно се доведуваме во ситуација на сите граѓани да му наплаќаме повисока сметка за превоз, за да исплаќаме плати за да се трупат вработени во делот на плати, па тука беше споменувано и можно решение

за евентуални префрлања, односно преместувања и на одредени вработени од други ЈП-ја во ова ЈП.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи по однос на она што советникот го слушнал во делот на превозот, тоа треба во писмена форма да се обратиме на менаџментот и треба да се испарве, не би требало да оде така. Јас немам такви информации. Знам дека на претходниот Совет носевме одлуки за промена на некои линии кои што не беа толку атрактивни за потребите на граѓаните и во делот на вработувањата на крај , значи административци се тројца, не се повеќе, 9 возачи се со Д категорија и двајца возачи имаме со Б категорија до 7+1 лице. Во првичните анализи кои што ги правевме пропуст ни е направен не ни се земени лицата со инвалидитет, коишто претходно Општина Кавадарци го вршеше тој превоз на самите луѓе, сега веќе тој човек не е кај нас вработен, е префрлен во ЈП Превоз и таму дадени се две комбиња за лицата со попреченост, инвалидитет и тие работи, така да двајца луѓе покрај 10-те луѓе, или 9 се возачи на Д категорија, и 2 имаме со Б категорија за вршење на превоз на лица до 8 како патнички комбиња и еден менаџер и тројца вработени во ЈП кое што не малку имаат обем на работа . Од тие тројца вработени едниот е пуштен како контрола во делот на јавниот превоз, да се врши контрола и по ГПС, доцнење, недоцнење, во делот на плаќањето на карти, злоупотреба, незлоупотреба, затоа што тоа се става на почеток ред и комуникација и кординација со ОВР Кавадарци, поготово за празнење на автобуските постојки и од други возила кои се паркираат и автобусите не можат соодветно да застанат и безбедно да се качат патниците и да се симнат. Едно само би кажал како податок дека на дневна основа се возат повеќе од 350 -400 граѓани во овој момент кои што користат редовна градска линија, приградските линии исто така се доста атрактивни и за Поткожувијето и селата поблиску што се до градот, меѓутоа од вчера, завчера веќе и ЈП Комуналец склучи договор со ЈП за 170 вработени на кои што Комуналец му плаќаше патни трошкови по основ на одалеченост од над 5 км. Да го користат јавниот превоз . Тоа е накратко што можам да објаснам и секојдневно се работе на доусовршување на самите линии. Второ би повикал граѓаните да бидат совесни во делот на паркирањето на автобуските постојки и да бидат секогаш слободни за градскиот превоз и трето пак би ми било повик до сите сограѓани кои што се во можност да го користат градскиот превоз, затоа што само така може да ја намалиме цената на јавниот превоз, со масовно користење и со повеќе рационалност. Сами знаете дека веќе ЈП го направи првиот чекор со издавање на картички кои што се дополнуваат со финасиските средства како поени, со 15% намалување на самата карта.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Градоначалник колку што се сеќавам на дискусијата на претходната седница се договоривме во однос на цената да му дадеме простор на функционирање на самото претпријатие. Значи при нивниот прв финансиски извештај после 3 месеци, 4 да

правиме разговори и дискусија околу евентуално корекција на цена на користење на јавниот градски превоз.

Дали некој друг бара збор. Никој не бар збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Тоа е точка 32. 12 за. 4 против. Во ред .

31. Годишна сметка на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „ Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.

Дали некој бара збор за 33-та точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. 12 за. Против 4.

32. Годишен Извештај за работата на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2022 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани значи Локалниот Вински Музеј е единствена локална институција која се финансира само со средства од општинскиот буџет. Има некој мал износ проект одобрен од Министерството за култура и некои други приходи што се многу мал процент од вкупните приходи . Значи ние како Општина сме главните финансиери на оваа институција. Уште кога зборувавме во почетокот на нашиот мандат за оваа институција, со анализата на првиот Квартален извештај и програмата што ни беше доставена од Локалниот Вински Музеј минатата година, за 2022 година кажав дека оваа институција треба да се искористи во делот на промоција на виното, на лозјето и грозјето како наша главна земјоделска гранка, но исто така и на некој начин оваа институција треба да најде начин за да си обезбеди сопствени приходи за да може да ги покрива своите трошоци да не биде терет само на Општината. Така што сега е за поздравување одлуката што ќе се формира значи дополнителна институција, ДООЕЛ во рамките на оваа институција, значи винотека преку која оваа институција ќе може да продава вино и на тој начин значи ќе обезбеди дополнителни приходи и на тој начин ќе им се помогне на локалните винарии во промоција на нивното вино и во продажба на истото . Какви резултати ќе има тоа ќе видиме во наредниот период, тоа зависи значи од работењето на самата институција и колку ќе биде успешна во тоа . Сега овој момент значи нема да го искористам да и поставам прашање на директорката, тоа го направив на минатата седница, но искрено сакам да кажам дека директорката повеќе прашања постави кога излезе на говорница, наместо да одговори на поставените прашања и да не речам малку беше и дрско и нервозно одговорањето на директорката, затоа сакам да препорачам за на наредната седница кога ќе го имаме првиот извештај од Локалниот Вински Музеј да добиеме повеќе одговори од директорката, затоа што сите други директори многу пати излегуваат на оваа говорница и даваат одговори на сите поставени советнички прашања и ја користат оваа говорница за да ги образложат своите резултати, своите програми, така што очекувам дека директорката на наредниот пат кога ќе добие советнички

прашања ќе биде повеќе расположена за да ни даде одговор во делот на нејзиното работење.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас ги почитувам сите кординации што ги имате партиски . 4 дена се спремате за Совет. Вака навечер минам, гледам Штабот свете викам Што ќе биде ова, они се спремале за точките за Совет. И тоа е добро. И многу ми е мило една работа, вака сега дури и воодушевен сум, малку и возбуден што СДСМ на секоја успешна прикаска на ВМРО ДПМНЕ или на Градоначалникот, ка на пр. никогаш немало вас да ви дојде идеја за Вински Музеј разбираш. И сега таа идеја која е впрочена од идеја до Вински Музеј, до цела прикаска за Тиквешијата, до винотеки , до продажба на вино, до промоција, до туристи, до сите работи, до удоволува на Тиквешијата и од што е позитивна се прилепувате кон таа прикаска и сакате да се додворите, ама никако не можете да се охрабрите и да кажете ова е добро . И сега нападот кој што е културен , е многу добар за настан го аргументирате и ќе кажиме вака Јас прво сум среќен што најдовме директор, соодветен за тој Вински Музеј и таа винотека и ја профункционира. Имаме еден амбициозен човек, кој што работе денонокно и сабота и недела, со нејзините ресурси и капацитети и секоја ден патува од Демир Капија за Кавадарци за една просечна плата. Јас би и се заблагодарил затоа што успеа да го дигне нивото на Музејот на тоа ниво. Ретко се наоѓа таков човек. Да . Прошлиот Совет малку беше нервозна. Некогаш имат и лични причини, некогаш и вака и така , али еве , знаеш како е горивото се качува, Владата испаѓа ја закачува, она патува за Демир Капија, а платата ми е иста, може и тоа било причината . Не можам да навлезам во таа работа. Али Винскиот Музеј од една напуштена кафана, од еден напуштен парк стана прикаска успешна, со многу настани организирани позитивни, со Вински Музеј што ќе остане засекогаш, со две винотеки и трета ќе добие, со Туристичко-Информативно Биро и тоа нема назад, само ќе се развива, ќе оде напред и еден ден кога ќе го дооформиме до една фаза стабилна ќе ви го дадеме да го раководите, пошто сега не е стабилен. Не е стабилен, а вие не сте работачи многу.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Добро точка 34 ја ставаме на гласање. Кој е за. 12 за. 4 против.

33. Годишна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;

Кој е за 35 точка. 12 за. Против 4.

34. Одлука за основање на Друштво за производство, трговија и услуги ГРАДСКА ВИНОТЕКА ДООЕЛ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно.

35. Одлука за отуѓување на стара неупотреблива опрема од ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци.

Отварам претрес за оваа точка. Никој не бара збор. Едногласно.

36. Предлог-Одлука за ослободување од плакање надоместок за утврдување на градежно земјиште.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Тоа е пред се заа Спортската сала во Марена. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам за гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

37. План за изменување и дополнување на План за Програми за развој на Општина Кавадарци за 2023 година.

Отварам претрес по оваа точка. Јас искрено го има пред нас материјалот. Материјалот за оваа точка е од многу битен фактор, многу битно значење за жителите на Општина Кавадарци. Сакам во кратки црти еве од место да го образложам. Тоа е капитален. Се работе за регулација, регулирано речно корито од Мостот Видео Смилевски Бато до Северен Булевар. Тоа е со цел разубавување на околината за новоизградените станови или објекти на улица Ѓорѓи Соколов, веќе финансова конструкција околу 35 000 000 денара кои дефинитивно тој дел околу болницата и околу моментално т.н. Тенеќе Маало на Ромската заедница ќе го разубават овој дел од градот, посебно за жителите кои се мераклии за пешачење, со регулирано речно корито некаде до Новата Болница . А псолутно за поздравување и за респект. Потоа втората е Подпрограмата каде што е изградба на типски спортски сали на подрачните училишта с. Сопот, Марена и с. Возарци со финансова конструкција 75 000 000 денара, нешто што е од повидно значење и нешто што е од голема цел на жителите на нашите 3 селски средини Сопот, Марена и Возарци. И последното што е многу битно, бидејќи бев лично присутен во разговор со жителите на с. Возарци каде што тоа е реконструкција на атмосферска канализација, нешто што е многу битно за нашите жители во с. Возарци, пред се за подобрување на условите за живеење и функционирање каде што е планирана финансова конструкција од 22 000 000 денари за финансирање на овој проект што се планира за 23-та, 24-та година каде што од буџетот за 23-та година се планирани 5 000 000 денари, а за 24-та година 17 000 000 денари. Почитувани дали има некој збор. Градоначалник да дополниш нешто.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро вие доволно кажавте, веќе штом ме повикавте еве и јас ќе кажам. Значи тоа што го ветивме изградба на нова Спортска сала во Марена, изградба на спортска сала во с. Сопот, изградба на атмосферска канализациона мрежа во с. Возарци со поврзување на колекторскиот систем и комплетно ново асфалтирање на целата улица во Возарци и во втора фаза влегуваат изградба на спортска сал во Возарци и во Дреново. Кејот кој што е од витално значење за Општина Кавадарци, значи тоа е од Видео Смилевски до Општата Болница 54 000 000 денара, на два наврати го аплицираме. Едниот ќе биде преку Вардарски Плански Регион со 9 000 000 денари, кофинансиран осо 2 000 000 од Општина Кавадарци, 7 од Вардарски Плански Регион и другиот дел кој што останува околу 41 000 000 денари ќе биде распишан тендер од Општина Кавадарци со 2-годишна изведба и нормално плаќање 2 годишно во делот на двегодишна развојна програма или двегодишен буџет. Меѓутоа најсуштински за граѓаните на Општина Кавадарци и најбитно е дека Општина Кавадарци, односно Градоначалникот со службите на Општина Кавадарци веќе 2 недели работиме секојдневно на проблематиката на т.н. Тенеќе Маало. Ние веќе сме во завршна фаза и најдовме законски регулативи, најдовме заеднички решенија со жителите кои што се наоѓаат во тоа маало и нека очекуваат нашите сограѓани дека од почетокот на месец април, најдоцна на почетокот на месец април, за две недели ќе се почне со рушење на Тенеќе Маало. Тоа значи дека за тоа време дел од тие таму кои што престојуваат, а не се жители на Општина Кавадарци ќе се вратат каде што се жители во тие општини, дел кои што се староседелци ќе изнајдиме начин законски, кои што веќе го разговараме со нив и ќе ви го образложам кога ќе биде конкретизирано комплетно, ќе се најде начин за да се најдат други живеалишта и дел од тие луѓе коишто мислат да живеат во други општини да одат во странство по нивни видувања или желби. Така рушењето се врши во две фази, надоцна до 1-ви април ќе се рушат околу 14 објекти. Тоа е некаде 60-70% од целото маало и втората фаза ќе биде оние староседелците кои се таму повеќе од 30-тина години, а не се 7-8 објекти. Продолжуваме со разговорите со нив за подобрување на нивните услови и статут на сограѓани на Општина Кавадарци на посоодветни

локации или нивна изградба во делот на понатамошниот тек на нивниот развој на семејства или живот.
Така да еве јас од оваа говорница денеска ве убедувам дека до месец септември тоа ќе биде една зелена средина, парк, како што треба да доликува и ќе се решат прво проблеми кои што ги имавме во минатово од луѓе кои што доаѓаат сезонски во Општина Кавадарци и остануваат тука притоа нарушувајќи го угледот и на постоечките граѓани кои што се од ромска популација, а живеат таму. Тоа нема да го дозволиме во иднина да биде пракса, а и на постоечките наши сограѓани кои што се од ромска популација би му го подобриле квалитетот на животот на други локации кај што ќе имат посоодветни услови за живот и притоа нивните деца да можат да си ги носат и во градинка и во училиште, пошто верувајте таму поголем дел од децата не присуствуваат и не одат законските обврски да ги исполнат на нивните деца да одат во училиште. Така да еден горлив проблем повеќе од 30 години ќе биде решен во Општина Кавадарци. Сега малку е тешко да се реше тоа сето, меѓутоа нашиот начин на работа е објективен, транспарентен и разговараме со секоједен на соодветен начин и мислам дека сме изнашле решение и почнуваме најдоцна до 1-ви април со рушење на тие 14 објекти, кај што веќе градежниот инспектор излезе на терен, евидентира и издадени се решенија и се евидентирани како објекти и втора фаза пак ќе потенцирам и ќе кажам тие се уште 4, 5 објекти кои што ќе останат да се доснајдат луѓето на некој начин, пошто таму има и 3 објекти легализирани, односно со адреса. Ќе ги решиме и тие. Така да еве една невозможна мисија мислам дека ќе стане возможна мисија, притоа не повредувајќи никакво човеково право и не деградирајќи никој жив во оваа Општина. Мислам дека тоа е успех.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. Едногласно.

38. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2023 година.

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

41. Предлог-Одлука за давање на трајно користење и стопанисување без надомест, недвижни ствари на КП.бр.13709 КО Кавадарци 2, на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „МитоХаџи Василев Јасмин Кавадарци.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи поради се послабиот интерес за издавање на Градскиот Базен на трето лице на користење и краткиот период на искористување и економски неоправдано оваа одлука која што е пред вас е за давање на трајно користење и стопанисување без надомест на Градскиот Базен на нашето претпријатие за спортски објекти Мито Хаџи Василев Јасмин. Обврска ќе имаат после примањето и после донесувањето на оваа одлука ако се нормално позитивно донесе да од 15-ти јуни до 30-ти август од 8-18 организираат можност за пливање на нашите сограѓани, наплата на карта која што ќе биде утврдена со одлука на Совет и со Управен Одбор и шанковите кои што ги има при самиот базен да може да ги издавате на подзакупци. Значи главната дејност на базенот ќе си ја врше ЈП, шанковите кои што ги има може да ги издавате во согласност со работното време, а организацијата на работењето, одржувањето на водата, хлорирањето и безбедноста на базенот ќе биде одговорност на Јасмин и на менаџментот, пошто ете имаме млад директор, сака да се покаже, да се докаже. Тука е и советникот исто така долго време во Спортскиот Центар Јасмин. Мислам и спортист е добро воа да го превземе и да функционира. И на крајот да испаднат со позитивна 0 во делот со трошкот на Градскиот Базен, пошто на неколку наврати бевме дури и критикувани зошто го даваме на компании и ред други работи. Еве дај да видиме со ЈП како ќе испадните на крајот од годината. Еве само малку да дополнам . Јас не се срамам и немам его како некој што има. Не се срамам. Да. Идејата е на СДСМ предложена од Претседателот Вуко Мелов да Градскиот Базен се даде на користење на ЈП Јасмин да стопанисуваат и да летото они го организираат пливањето во делот на рекреација, а и спортување во делот на пливање. Така да е прифатена и мислам дека ќе гласате позитивно.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Базентот не го давате него ни го враќате базентот. Базентот го имавме ние вториот мандат . Јас сум бил и претходен мандат и претходно кога бев како Претседател на Совет базентот Градоначалникот мислеше дека има многу чар од него, проба да го менаџира на сопствен начин. Го даваше Општината на тендер, и некоја фирма која таа го зема и Градоначалникот, се увери дека тоа е загубар. Значи таму бизнис нема. Значи базентот беше на Јасмин и пак го давате на Јасмин. Градоначалник ова е за

поздравување и ми е ќеиф што после 3 години, 4 доаѓаш на моето она советување што ви го давав на почетокот дека вака тгреба да биде. Го прифаќате така. Другото она што го рековте Мислам дека он е спортист , долго време нема да видиш дали сум или не сум. Тоа ми е пак игнорирање како спортист. Тоа ми е увреда од вас. Али прифаќам и таква увреда од вас. Мислам дека ја правите у шала. Градоначалник тоа ќе го изменацираме, претходно функциониравме , го дававме комплет објектот на некој закупец и тој преку цела година плаќаше кирија и го стопанисуваше базентот, плаќаше и струја и вода. Сега ако базентот се даде без надокнада, вода да наполне Комуналец и хлор да ни хлорира пошто ние не сме стручни тука. Хлорот е отров, директорот на Комуналец ја разбира таа проблематика и малку се луѓето што смеат да работат со хлор. Колеги вака. Ако не го хлорираме базентот како што треба професионално можеме да допреме до тужби од луѓето што го користат. Ние викаме џентламенски да се договориме. Водата и хлорирањето да биде на фирма што ги знае работите. Да не згрешиме, да немаме ние одговорност како фискултурци. Тоа како одлука, како забелешка да го ставиме, пошто тука е ризикот према граѓанинот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче значи одлуката е конкретна, значи се дава базенот наполнет од ЈП Комуналец донациски, а понатамошното квалитетот на водата вие си го одржавате. Дали треба хлор, дали треба ph -, дали треба ph +. Има таму многу работи, не е само хлорот. Вие го одржавате понатаки.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник ниту можам да купам хлор, ниту имам овластување да купам хлор, ниту знам да хлорирам, ниту можам. Сега е моментот кога треба да збориме поозбилно. Таа проблематика со хлорот и хлорирањето ни е проблем, ради тоа што квалитетот на водата и болеста што може да дојде е проблем. А да не правиме таков проблем. На Комуналец не му е проблем, се надевам директоре дека едно хлорирање, две на базентот, пошто вие можете да ни помогните во тој дел, уште сега како одлука. Тоа ни е проблемот, инаку другата работа ја работиме. Колега не е да не платиме. Ние ќе платиме него обврската да биде ваша. Не е проблемот во парите. Вие како стручна екипа, како тим. Ќе треба да најдам хлор и јас немам право да набавам и ќе си створам проблем. Има таква работа. Јас сум го работел базентот и кога треба да купиш хлор, ниту си фирма, ниту можеш да купиш, ниту јавна набавка можеш да правиш. Сега е момент да се договориме џентламенски. Да Комуналец да го задолжиме, а ние како Јасмин да им плаќаме, колку што кошта толку, не е проблем и услугата и хлорот. Градоначалник тендер за

хлор да распишиме, па тендер за некој да работи со хлор, нема такви луѓе, стручњаци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Колеги значи да не ги доведиме граѓаните во заблуда, апсолутно нивното здравје и нивното користење на базенот е од приоритет на сите. Значи ние сега зборуваме за давање на базенот во ингеренции и стопанисување на Мито Хаџи Василев Јасмин. Овој разговор и оваа тема за менаџирањето и обврските може да ги видиме со менаџерот во идно време кога ќе почне самата сезона. Значи може да ги разговараме апсолутно и тогаш би дошло во смисол на размислување и токму ова ваше барање Ристе.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Претседателе кога ќе дојде моментот е касно. Јуни кога треба ние да почниме со работа треба да е тоа се завршено. Во април треба да донесиме друга одлука Градоначалник за ова хлорирањето и Комуналец да прифати уште многу работи кои треба да ги обеќате сега, да не излезе дека ние не сакаме. Да ние сакаме. Тоа што ни го земавте, да ни го вративте. И ни го враќате. И ние сме многу благодарни. Е сега како ќе одиме со тие постапки со закон, да не се судриме со закон или да го доведиме менаџерот кај нас во Јасмин да влезе во офсајд. Мене не ми е мило директорот што има амбиции и што е година сега да го ставиме на тежок испит. Ние колку што можеме помагаме, него одлуките ги дава Советот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Директорке можете да го организирате ова сето.

ДИРЕКТОР НА ЈП МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ ЈАСМИН ЗОРИЦА СТОЈАНЧЕВСКА: Да. Материјата е нова за нас. Значи првично ќе седниме, ќе ги разгледаме и ќе ги дефинираме сите работи како треба да се одвиваат, се што ни е потребно да го организираме, веќе имам договорено состанок со директорот на Комуналец утре затоа што информацијата е и за мене нова.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да напоменам базенот ви се дава со обврска од 15-ти до 30-ти септември да биде во функција, со работно време од 08-16 со сите законски регулативи, кои што треба да бидат исполнети, поготово во делот на спасувачката регулатива, да има спасувач, во делот на безбедноста на пливачите и во делот на квалитетот на водата. Квалитетот на водата секогаш треба да ви биде на прво ниво. Тоа е тоа. А ви го даваме базенот полн гратис од Комуналец. Тоа е.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник сега нормите на квалитет на вода за бањање, сега се нормите тешки. Колеги не е за смеа, Едно мало дете. Моето дете нека биде, ако добие болест, ако прифатиме како Совет да го задолжиме Комуналец. Колеги после недобро дефинирана работа, наредна седница доаѓа проблем, па

наредна уште попроблем. Убаво е уште сега да ги дадиме координатите на оваа работа. Да соработка со Комуналец имаме, али Советот треба да ни помогне. Ако сега се договориме како забелешка да влезе да треба да го регулираме. Стави го како заклучок.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници последната точка на денешниот дневен ред ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

Со тоа ја затворам денешната седница на Советот на Општина Кавадарци, 24 по ред.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов